**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 април 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,18 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Дами и господа пратеници ја отворам Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Ружа Ѓорѓеска, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Слободан Најдовски, Есад Рахиќ, Иван Стоиљковиќ, Андреј Жерновски, Веле Митаноски и Љубиша Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во слаата.

Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканетеи: Претседателот на Република Македонија, претседателот и члеловите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за избор на член на Владата на Република Македонија.

Министерот за култура господин Илирјан Бекири поднесе оставка.

Согласно член 223 став 2 од Деловникот на Собраниеот на Република Македонија министерот за култура може да ја образложи оставката.

До моментов не сум известен дека господинот Илирјан Бекири има намера да ја образложи оставката на седницата на Собранието.

Констатирам дека согласно член 224 од Деловникот на Собраниеот на Република Македонија на членот на Владата на Република Македонија и министер за култура господин Илирјан Бекири му престанува мандатот.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салта се присутни 67 пратеници.

Вкупно гласале 60 и сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предалгам следниот денвен ред.

1.Предлог за избор на член на Владата на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 гласале за, 1 се воздржал од гласање, нема против.

Констатирам дека е сувоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за избор на член на Владата на Република Македонија.**

Предлогот за изборот ви е доставен.

Собранието избира член на Владата на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по предлогот Арификмет Џемаили да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за култура.

Молам, кој бара збор?

Има збор Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија.

**Никола Груевски:** Почитуван потпретседател на Собраниеот, почитувани пратеници, како што знаете неодамна министерот за култура поднесе неотповиклива оставка од функцијата министер за култура по што се отвори процедура за избор на нов министер. Кон крајот на минатата недела како претседател на Владата на Република Македонија согласно Уставот и законите го доставив во писмена форма предлогот за избор на член на Владата на Република Македонија.

Доставена е и кратка биографија од која што може да се види дека господинот Арификмет Џемаили роден е во 1953 година, кој е човек од фелата, од културата, доаѓа од дејноста на чие чело токму треба сега да застане, човек кој што завршил Факултет за музичка уметност, потоа и магистрирал во соседна Бугарија, човек кој што е по професија диригент и проректор за настава на Државниот универзитет во Тетово, инаку и професор на Државниот универзитет во Тетово, човек кој што се има доста истакнато и во делот на уметничката дејност, има одржано над 50 концерти во земјата и во странство, добитник е на голем број високи државни и меѓународни награди кои што се наведени во неговата биографија и човек за кој што верувам дека во наредниот период успешно ќе ја обавува функцијата министер за култура и дека ќе придонесе за развој на културата во Република Македонија.

Јас не би имал многу што повеќе да зборувам. До колку има потреба, ќе се јавам подоцна за збор.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, почитуван претседателе на Владата, почитувани министри, колешки и колеги пратеници.

Прво би сакал да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ. Но, претходно да изразам разочарување од тоа што претседателот на Владата не се ни обиде да расчисти некои дилеми во јавноста што произлегоа со оставката на претходниот министер за култура. Бидејќи во голема мера во функционирањето на Владата се отвора, или се пројавува загриженост за граѓаните на Република Македонија кои биле вистинските причини господинот Илирјан Бекири да си поднесе оставка. Пратеничката група на СДСМ смета дека измените, или предлогот за нов министер доаѓаат како последица на лошото функционирање во рамки на Владата, на немањето одговорност кон првиот човек во Владата, тоа е претседателот на Владата, туку кон, условно кажано лидерот во сенка на ДПА. И за жал претседателот на Владата влегува веројатно по инерција од мешањето во СДСМ во решавањето на пред конгресните активности во ДПА. Денешниот избор на нов министер е втор во рамките на оваа Влада кој се случува исто во јавноста под облакот дека е тоа внатрешна работа за решавање на пробелмите во ДПА каде што еден вистински претендент за следниот конгрес господинот Имер Селмани се деградира во својата позиција што ја има. А денеска имаме избор на министер Арификмет Џемаили, но неодговорно е претседателот на Владата да не даде образложение зошто еден министер кој е во родбински врски со претендент за функција во ДПА на следниот конгрес е разрешен под сеуште неразјаснети околности. Каде се нашите дилеми?

За жал, господинот Мендух Тачи живее од рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ и на претседателот на Владата Никола Груевски. И во таа функција ќе направи се за да остане дилемата кој ја забранил претставата и каде е тука одговорноста на претседателот на Владата и на кого му одговара министерот во една Влада. Не може одговорноста на министерот според зборовите на коалиционите партнери да ја побараме на пониските нивоа, туку можеме да ја побараме само во субординација со повисоките нивоа. Функционирањето на Владата согласно Законот за органите на управата е таква да министерот не превзема активности за кои што ќе биде неговата одговорност помала од одговорноста на неговите заменици, туку напротив неговата одговорност се поврзува со повисокиот од него, а тоа е претседателот на Владата на Република Македонија. За жал, ваквиот начин на функционирање е едно познато сценарио што на ДПА не му успеа со Љубчо Георгиевски. Мислам дека прерискантно од политички аспект се повторува едно сценарио сега со господинот Никола Груевски, играјќи, повторно да кажам на неговиот висок рејтинг во Република Македонија. Се покажа дека таквата игра не донесува резултат, не вродува со плод и не ги решава проблемите, туку напротив ставајќи ги вака под тепих ќе остане дилемата кои биле иницијаторите за да господинот Бекири донесе таква одлука и да се реши за еден потез кој што не мислиме дека е единствениот кој што оди на неговото конто. Затоа се надеваме дека новиот министер за култура ќе се обиде да ги реши сите оние работи што останаа како дилема, или нерешена ситуација во претходниот период во областа на културата. За жал, претседателот на Владата не се реши да побара одговорност од министерот за култура за незаконските смени што ги направи со директорите на театрите во Република Македонија, каде што се злоупотреби институцијата конкурс, односно во една процедура во која што беа избрани на еден легален, легитимен начин, во една постапка со конкурс, реков незаконски беа разрешени многу директори. Остана дилема кој ја дал наредбата првенецот на Балетот во Република Македонија да биде протеран од нашата држава, остана дилемата зошто доцни отворањето, или промоцијата на градот на културата, што се случува со Националната програма, што се случува со процесот на децентрализација, што се случува со нашите активности, или дали навистина е парализирана работата на Центарот за култура во Њујорк. Сите тие работи беа недоволни за да се отвори дилемата како функционира министерот за култура. Јас се надевам дека новиот минситер ќе извлече поука од сето тоа и ќе постапува поинаку и нема да биде заложник на, како што вели господинот Тачи, објективни и субјективни причини, или објективни и субјективни одговорности. Имено, да цитирам: ако оваа претстава беше врв на неактивноста и грешките на министерот за култура, иако можеби заборавив да споменам и конкурсот за издаваштвото доживеа една фарса и фијаско каде што некако според зборовите на господинот премиер, самиот тој го поништил конкурсот, се јавил кај министерот, беше сменета Комисијата за определување кои проекти ќе бидат финансирани. Така што сето тоа не беше доволно, сите тие грешки не беа доволни, туку се дојде до еден момент кога со писмо министерот за култура ја забрани претставата која требаше да се одигра, за среќа се одигра во Битола претставата “Тито, сигурни дијаграми на копнежи”. И тогаш започнува целата рашомонијада околу оваа работа. Господинот Бекири излегува на телевизија кажува дека според партиски извори, пренесено на А1-телевизија, својата одлука ја правдал со фактот дека тоа било по налог на премиерот, значи цитирам од А1-телевизија.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам. Оставката на претходниот министер ја констатиравме.

**Јани Макрадули:** Јас му давам совети на новиот министер за да не ги прави истите грешки.

**Иван Анастасовски:** Јас би ве замолил да видиме зошто господинот Џемаили треба да биде, или не треба да биде избран за член на Влада, министер за култура.

**Јани Макрадули:** Мислам дека јавноста треба да знае.

**Иван Анастасовски:** Колега Ивановски, смирете се, јас само му укажав на господинот Макрадули дека треба да говори за тоа дали господинот Џемаили треба да биде, или не треба да биде избран за член на Владата. Тоа е точката од дневниот ред.

**Јани Макрадули:** По кој член од Деловникот?

Мислам дека македонската јавност треба да знае и изборот на министер во Владата на Република Македонија не се сведува, верувам, почитуван потпретседателе вие исто сте свесни за тоа, не се сведува единствено на биографските податоци и на физичките карактеристики на кандидатот за министер.

Мислам дека тоа би било неприродно да го правиме. Парламентот е место каде што минситерот за култура треба да спроведува политика. И ние имаме право како опозиција, бидејки сме загрижени да му укажеме на новиот министер да не влезе во варијантата на цензура, да не влезе во варијантата да разрешува директори незаконски и тоа го елаборираме со примери. Ако не сакате А1-телевизија да ја цитирам, да цитирам друга телевизија. Се надевам дека новиот министер, кандидат за министер ќе извлече поука, или пак можеби ова ќе биде последен пат да дискутираме како функционира Владата на Република Македонија.

Јас реков, уште еднаш да повторам, рејтинг се користи, или се злоупотребува рејтингот на претседателот на Владата за партиски пресметки. Тоа ќе го цитирам и ќе го образложам зошто. Значи, на самиот интернет сајт на ДПА стои цитирам: “поранешниот министер за култура за забраната за контраверзната претстава за Тито ги консултира водството на ВМРО-ДПМНЕ, а не на матичната партија. После забраната на претставата Бекири повторно ги консултира оние од ВМРО-ДПМНЕ и ја дозволува претставата. Не се консултира со партијата која што го делегираше како министер”. Значи сега како опозиција му укажуваме на новиот кандидат за министер на опасностите што постојат кога ќе застане на министерската фотеља. Дека ќе се најде меѓу чеканот и наковалната, дека треба да спроведува, штом се нафатил на оваа позиција, се нафатил да спроведува партиска, а не државна програма.

Владата на Република Македонија е Влада на сите граѓани на Република Македонија. И лошо е, кога министерот што денес парламентарното мнозинство ќе го избере треба или ќе дојде со таа хипотека дека претходниот министер бил сменет, затоа што се кнсултирал, што е природно, со претседателот на Владата на Република Македонија, а не со неговите претпоставени во партијата. За таа дилема мислам дека Парламентот е единственото и вистинското место во кое што можеме да разговараме.

Потпретседателе, ќе ве замолам ако може генералниот секретар да заврши со разговорот, па потоа да продолжам.

**Иван Анастасовски:** Мене ме замолувате?

**Јани Макрадули:** Земете му го мобилниот. Јас не можам.

**Иван Анастасовски:** Јас немам такво право. Вие продолжете со вашата дискусија.

**Јани Макрадули:** Мислам дека ова е прв пат во историјата на парламентарната демократија, континуирано, тоа го прави претседателот, а сега гледам тоа го прави и секретарот, да разговара на мобилен телефон. Мислам тоа е елементарно непочитување.

**Иван Анастасовски:** Ве молам концентрирајте се на членот кој треба да биде избран на Владата. Продолжете.

**Јани Макрадули:** Концентрирам сум јас, но јас мислам дека воодушевеноста од новите технолошки откритија во светот се толку интересни за парламентарното мнозинство и за власта и сега ние треба да бидеме заложници на нивните нови играчки што постојат.

**Иван Анастасовски:** Продолжете. Продолжете за Предлогот.

**Јани Макрадули:** Значи по изјавите на министерот Бекири дека претставата ја забранил по консултации со ВМРО-ДПМНЕ дојде и изјавата на господинот Мендух Тачи кој исто имаше на А1 Телевизија, ќе цитирам, побара оставка од министерот за култура. И без разлика што министерот за култура ја најави таа оставка, не му сметаше потоа да направи уште една незаконска смена во периодот кога тој ја најави оставката до денеска кога и формално му престанува неговиот мандат. И тоа е доказ на неодговорноста што ја имаме, или оваа Влада ја има спрема еден исклучително чувствителен ресор, а тоа е културата. Премногу се експеиментираше во овие седум месеци до сега, како алиби забраната или цензурата на претставата, го искористи претседателот на Владата за да ја констатира оставката и да влеземе во една друга варијанта. Се плашам дека ова ќе биде нов товар на новиот министер за култура и би му препорачал да ги разгледа сите одлуки што ги направил министерот во оставка до денешниот ден кога практично престанува мандатот затоа што мислам дека не е само овој случај што се појави сега во јавноста, тоа ќе биде на негово позитивно конто, кога ќе влезе во една таква варијанта. И она што лебди во јавноста, а тоа е, уште една изјава се разбира, на популарниот во редовите на ВМРО-ДПМНЕ Тачи војвода, а тоа е дека со премиерот се договоривме до крај да ја расчистиме работата.

Јас уште еднаш ќе кажам, не може ако министерот донесе одлука за тоа да бидат одговорни заменикот министер и државниот секретар. Хиерархијата оди нагоре по Законот за органите на државна управа. Не може министерот по природата на своето делување да не се консултира со претседателот. Или пак,

одговорноста да ја бараме кај портпаролот, да ја бараме кај шоферот, или пак она што се вели чашата ја прелило кога господинот Бекири посакал, или побарал дозвола, замислете, да оди да ја гледа претставата во Битола. Да ве потсетам ставот на Владата по повод оваа претстава е од септември ист и непроменет. Да ја потсетам јавноста дека господинот Бекири, бидејќи оваа претстава има свои продолженија, значи за ова му кажувам и на новиот министер. Значи уште во септември месец господинот Бекири во Хамбург потпиша, или се согласи меморандум со 10 европски земји да биде Македонија дел од таа претстава. Тие претстави се проекти финансирани од владите во соодветните држави. Вчера неколку пати, или секогаш кога сакаме да цитираме некој кога ни одговара, реков алиби ќе ги користиме европските земји. Дали тоа да е за задолжително средно образование, или пак за веронаука, секогаш кажуваме во Европа е вака, во Европа е вака. Десет земји во Европа, земји членки го финансираат овој проект. Министерот се согласил во септември да го финансира. Се врати во Скопје, ја повлече таа одлука. Кога беше Буџетот, тука дебатиравме, иако беше 12 околу полноќ. Имавме амандман, колешката Весна Бендевска имаше амандман за финансирање на оваа претстава. Тогаш Владата преку својот претставник, министерот Трајко Славески, исто кажа дека ова не е проект што го поддржува Владата. Затоа, да не ја бараме одговорноста само во еден човек. Ова е политика на Владата што континуирано пет-шест месеци се одвивала во однос на овој проект. Може господинот Јанкуловски, и господинот Коњановски и колешката Бонева да одат на претставата, ама тоа нема да ги реши дилемите каков бил односот на Владата кон оваа претстава, или каков бил односот на Владата, на претседателот кон министерот и кој каде одговара. Затоа, нема да се согласам дека претседателот на Владата денеска мораше да стави точка на изјавата дека се договоривме до крај да ја расчистиме работата. Значи, мораше тука со својот настап да каже работата е расчистена, одговорноста ја лоциравме на министерот за култура претходниот. Да не му правиме товар на новиот министер, да не му правиме товар на заменикот, на државниот секретар, да живеат под пресија дека сега треба допрва да се расчистуваат работите, затоа што така мисли господинот Мендух Тачи.

Од тие причини мислам дека беше поодговорно да се каже кој е субјективно одговорен, кој е објективно одговорен, да се дадат одговори на прашањата што беа отворени во јавноста, кои се тие аргументи и кои се тие процедури по зборовите на господинот Тачи, за кои што се договориле со премиерот до крај да ги расчистат работите.

Мислам дека ќе покаже времето дали господинот Бекири бил само жртвуван во оваа ситуација, сработи во негативна смисла многу за оваа Влада. Нема да најдете често министри кои на незаконски наин ќе ги сменат на конкурс избрани директори, ќе запоставаат некои проекти и се надевам дека причините за неговата смена не лежат во тоа што реков дека тој е во родбински врски со господинот Махмути еден од кандидатите што се откажа на претстојниот Конгрес на 30 јуни на ДПА.

Од тие причини, од причини што сметаме дека ова е лош пример за тоа дека смената доаѓа прво по барање на потпретседателот на партијата на која што припаѓа министерот. Дека е дел од партиските пресметки пред Конгресот на ДПА на 30 јуни дека дава лоши насоки на министерот дека треба да ги слуша партиските шефови, а не претседателот на Владата, пратеничката група на СДСМ, нема да го поддржи овој предлог на господинот Никола Груевски. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Кој од пријавените е за реплика? Одиме по редоследот.

Прв за реплика е потпретседателот на Собранието, господинот Бесим Догани, повелете имате три минути.

**Бесим Догани:** Ви благодарам потпретседателе.

Мене ми е многу тешко да го анализирам господинот Макрадули, а најмалку да го сфатам. Не знам дали и овој пат е својствено на него, или на неговата партија. Во секоја точка мора или сака да го имплицира заменик претседателот на ДПА, господинот Тачи или работата на Владата, иако тоа не е тема. Не е тема ни Конгресот на партијата. Не знам дали со неговиот говор и со неговите совети што му ги дава на новиот министер за култура, сака да стане негов советник. Ако сака нека каже, не е проблем, ќе направиме нешто и за тоа. Бидејќи има големи знаења за ДПА, имам уште еден сомнеж. Можеби господинот Макрадули сака да стане член на ДПА, бидејќи многу убаво ја има анализирано работата на ДПА и на новиот конгрес. И тука би можеле нешто да направиме. Но има трет проблем, господинот Макрадули сака да еволуира во политички аналитичар. Тоа ќе му биде многу тешко имајќи го предвид неговиот багаж, односно политички багаж на неговата партија. Имено, господинот Макрадули денеска треба да биде многу радосен, бидејќи прв пат во плуралистичката историја на Република Македонија министри даваат оставка од морални причини и ги признаваат своите грешки. Прв пат во историјата на една влада на Република Македонија се случува ова.

Од друга страна, владите на господинот Макрадули и на неговата партија беа влади кои во своите раце имаат крв на невини албански граѓани на Република Македонија. Гостивар, Ладориште, Бит Пазар и стотици други настани, за кои не дадоа оставка, туку ни извинување не побараа. Неговите министри, неговите влади беа полни со скандали, корупција, а немаше ниедна оставка. Сега тие без никаков срам се спротивставуваат на една ваква одлука на морален чин на давање на оставка. Тоа не можам

да го сфатам на господинот Макрадули. Едно е јасно дека политички аналитичар нема да го бива, поради неговиот тежок багаж. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас само сакам пред да му дадам контра реплика една минута, да ве замолам да го држиме достоинството на Собранието и да ги бираме зборовите токму и поради точката која е на дневен ред.

Една минута контра реплика господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Македонската јавност е загрижена секогаш кога потпретседател на партија ќе каже дека министерот го менуваме затоа што не одговарал на својата матична партија, туку се консултирал прво, со водството на ВМРО-ДПМНЕ. Претпоставувам по Законот за органите на управа, тоа е со премиерот. Лоша е таа порака кон граѓаните на Македонија. Тука не треба да бидете премногу експерт или аналитичар да видите она што го гледавме од 1998 до 2002 година. Давањето на рејтингот на премиерот е единственото нешто што на ДПА му останува да остане на овој простор. Зашто кога ќе падне ВМРО-ДПМНЕ тогаш Тачи е заборавена приказна. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика господин пратеник Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе. Ќе се потрудам во три минути да му реплицирам на претседателот на СДСМ, господинот Макрадули. Ние сите знаеме дека нашата земја ја водеше СДСМ од плурализмот и наваму. Ние знаеме дека СДСМ секогаш сакаше хаос во политиката и сакаше неодговорност во политиката. Нека кажат кога еден нивен министер поднел оставка за недобро управување и за непочитување на постапките. Немаме ниту еден ваков случај до денеска. Од причина што секогаш биле олигарсите на чело со претседателот Бранко Црвенковски. Овие луѓе убивале од 1990 година па наваму и никогаш одговорноста на овие луѓе не беше на ниво. Да убиваш невини луѓе во Република Македонија, граѓани на Република Македонија е одговорност. Вие сте убивале на Бит Пазар, во 1992 година во сред Скопје во Ледуриште, сте убивале во Гостивар и сте убивале невини луѓе и граѓани за кои никогаш не сте сноселе одговорност за овие ваши постапки. Во однос на тоа, вие сте луѓе кои постапувате под сенка. Вие сте четири-пет лица кои сте овде на чело со Шекеринска кои за се го прашувате Црвенковски. Вие поранешниот премиер го направивте за нигде. Некогаш го правите амбасадор на НАТО, а некогаш на друго место. Поранешниот ваш премиер го направивте за нигде. Сте го деградирале во сите сегменти на неговите можни капацитети. Сте го деградирале надворешниот министер кој водеше една значајна постапка во текот на минатиот мандат. Вие сте сенка на Бранко Црвенковски кој ве поучува за секоја точка и запирка и се што правите во вашата политика. Затоа, во однос на сенките на ДПА, или на оваа Влада грешите. Вие сте навикнале да работите под сенка и сакате да воведете политички хаос кој ќе ја задуши демократијата во Македонија. Ќе ги задуши демократските постапки во нашава земја и не сте оставиле земјата да има демократски тренд и да биде дел од Европа. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути процедурално пратеник господин Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Почитуван потпретседателе, се надевам дека ова ќе биде првата и последна процедурална забелешка, од проста причина што гледам дека има и други пријавени кои што мислам дека нема да го почитуваат. Јас ја разбирам нервозата на сите пратеници на ДПА во моментот и заради внатрешните состојби, и заради потребата да го заштитат премиерот и ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи од таму дојде наредбата, некој од кај нив ја спроведе, но да се каже на говорница дека некој убивал со име и презиме, во овие изминати 15 години, претставува многу сериозно обвинување, кое што не се ни граничи со лагата и невистината. Ја надминува секоја нормална, морална и етичка граница во оваа држава. Јас нема да навлезам и да правам паралели кој во таа пратеничка група седи, иако денеска е отсутен. Таквите работи се отворени и во Хаг. Но, од вас ќе барам да побарате како потпретседател во овој момент јавно извинување од ДПА и од пратеникот Ружди Матоши за изнесените лаги и невистини. Во спротивно, ова Собрание ќе се претвори во најевтин театар од кој што никој нема да има ќар, најмалку граѓаните. И ве молам тоа да го побарате сега пред да продолжи расправата, бидејќи во спротивно веќе никој нема да ја контролира. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Јас и претходно реков, замолив сепак да го одржуваме достоинството и нивото на комуникација во Собранието. Јас не можам да наложам и да му наредам на колегата Матоши тоа да го направи. Ако смета колегата Матоши, тоа ќе го направи.

Во тој случај, продолжуваме со контра реплика. Една минута контра реплика господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, јас не знам дали господинот Матоши ви поклонил одело, но мислам дека доколку имавте непроцедурално мене да ме прекинувате за нешто, што апсолутно, беше во контекст на муабетот, вашата задача е да го прекинете кога ќе ја премине границата на она што се вика однесување во Парламентот. Јас уште еднаш ќе повторам, не сакам на вакви работи да реплицирам, бидејќи немаше ниту вистина, ниту е место во Парламентот за таква реторика.

За жал, некој сака да ја врати реториката што ја имавме од 1998 до 2002 година, но останува фактот дека се додека живее рејтингот - мислам живее во политичка смисла, да не бидам

погрешно сфатен - ВМРО-ДПМНЕ со тоа опстојува и ДПА. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеник Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** На Запад ништо ново и во Македонија ништо ново. Се повторува еден функционер во сенка од СДСМ. Мислам дека веќе сме навикнати на овие сценарија и беше многу јасно дека ќе имаме ваква реакција од страна на СДСМ, но вие господине направивте една анализа за функционирањето на ДПА, меѓутоа, таа анализа е ваша, субјективна. Сега во моменти кога ние ви одвраќаме и со факти говориме за вашите злодела и сето она што сте го направиле кон Албанците и кон граѓаните во Република Македонија, вие велите дека тоа е лага. Зошто сакате да оставие впечаток дека секогаш само вие ја зборувате вистината?

Потоа, покажавте голема загриженост и дававте совети кон министрите на оваа Влада, меѓутоа, би требало да се загрижите повеќе за себе, да си направите една анализа внатре во вашата партија и да давате совети, да покажувавте загриженост кон вашите министри во минатиот мандат. Оваа Влада ја покажува својата сериозност со тоа што одговара на крајот на краиштата пред граѓаните на Република Македонија и за секоја грешка што е направена се санкционира, а во случај, доколку има успех, нормално дека се наградува.

Мислам дека што се однесува до господинот Тачи и дали ВМРО има рејтинг, дали после тоа, откако ќе падне рејтингот тој веќе ќе биде заборавена приказна, би рекла подобро да бидеш така заборавена приказна отколку како вас, вие сте веќе заборавена приказна. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Ако вие очекувавте ваков настап од мене, јас очекував посериозна аргументација да дадете. Мислам дека и господинот Тачи е незадоволен колку слабо го одбранивте во овој момент. Она што јас го очекував лично од вас како актер, вие прва да станете против цензурата на оваа претстава што беше најавувана во јавноста. Тогаш ќе зборувавме за демократскиот капацитет на членовите овде на Парламентот на ДПА, тогаш ќе зборувавме за противење на една цензура што се води. Кога тоа ќе го направите пост фестум, иако како актер не ве ни слушнавме да го кажете вашето мислење, освен што сега сакате неуспешно, за жал, да го одбраните господинот Тачи, а како гласавте за амандманот за одржување на претставата и финансирање од Владата, ќе погледнеме во стенограмите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Единствениот кој беше спомнат во вашата дискусија за реплика е господинот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Ви благодарам господине потпретседател.

Господине Макрадули, си се слушаш себе си што зборуваш? За кој рејтинг зборуваш, мојот и на мојата партија што е 8% и вашиот што е 8,5%? Како можеш така дволично да зборуваш и да зборуваш за рејтинг што го нема ДПА? Каде е вашиот?

Второ, не сакам да употребувам тешки зборови, но ме натера. Она што е значајно, јас се гордеам со тоа што за прв пат во историјата на Република Македонија еден функционер Албанец, еден политичар Албанец се јавува во другиот дел условно кажано во Источна Македонија, каде нема ниту еден Албанец и добива аплауз и целосна поддршка, како што е случајот со Мендух Тачи. Вашите карикирања како Тачи војвода не ми претставуваат никаков проблем. Вие лично повелете во Гостивар да држите говор меѓу Албанците и да имате таков аплауз. Не можете. Имате крв албанска до тука (покажува до половина рака), затоа не можете.

И трето што сакам да ви кажам, се слушате ли што зборувате? Како не ви е срам така да зборувате? Се работи за морална одговорност од министер што е побарано од граѓанинот Мендух Тачи. И да не сум заменик претседател на партијата, и да не сум член на партијата, имам право да дадам изјава и да кажам господинот Јани Макрадули треба да даде оставка на позиција министер за внатрешни работи, затоа што вие - на страна таа крв што ја имате во вашите раце, слушај ме што зборувам, вие ми имавте направено 7.000 страници досие на мене и на моето семејство. Тоа што вие сакате да не учите ние како ДПА да работиме, ние имаме сосема други принципи, друг морал и друга етика. А вие цело време додека ние работиме како Влада, имате навистина банални аргументи. Дај слушај се еднаш што зборуваш, дечко.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.
Една минута контра реплика за пратеник господин Јани Макрадули, повелете колега Макрадули.

**Јани Макрадули:** Секако, личните ставови човек може да си ги кажува и да ги објавува на личен блог ако го има. Кога на веб-страницата на ДПА пишува, цитирам: “Поранешниот министер за култура за забраната на контраверзната претстава за Тито ги консултира водството на ВМРО-ДПМНЕ, а не матичната партија, после забраната на претставата Беќири повторно ги консултира оние од ВМРО-ДПМНЕ и ја дозволува претставата. Не се консултира со партијата која го делегираше како министер”. Ова ако функционирање на Владата, секоја чест, мислам дека далеку ќе дотуркате. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани пратеници, би сакала да ја вратам дискусијата на вистинската тема и да искажам длабоко жалење од потребата после поминати повеќе години да се навраќаме на единственото нешто што може да го дигне адреналинот и на народот, а очигледно и на пратениците, а тоа е крвта и конфилктот што би требало до денес да бидат заборавени.

Сметам дека секоја можност за да се потсетиме на тоа ја користат токму оние кои најмалку би требало тоа да го прават, но ситуацијата е таква каква што е, а се надевам дека со мојот мал придонес барем ќе се обидам да вразумам, не сите но барем неколку од пратениците.

Вистинската тема беше поводот за оставка на министерот за култура и бидејќи не знам што се случувало зад кулисите и кој кому давал наредби, и кој какви наредби слушал, и кој со кого комуницирал и кој пред кого одговарал. Мојот личен впечаток беше дека да, навистина е морален чин министерот за култура да си даде оставка во моментот кога се случи она што се случи. Некои ќе го наречат цензура, некои други ќе го наречат малку поблаго, но навистина нешто што да речеме во едно демократско општство навистина не би смеело да земе таков тек.

Притоа, би сакала да прокоментирам стоејќи на својата десно ориентирана опција дека после немилиот чин ми се допадна писмото на министерот, кој и по цена на својата кариера, не знам дали доброволно или недоброволно ја остави, но сепак имаше доблест да го брани ставот кој треба да претставува негова политичка опција.

Искрено да ви кажам, по овој повод размислував малку и јас и се запрашав што ли чудно се случува на овие простори како фраза многу употребувано, особено од СДСМ, во Македонија, на пример, не се случило во Романија. Немам слушнато дека во Романија некој голем автор напишал драма за Чаушеску, па се прашувам зошто тоа таму не се случува, но верувам дека некогаш во иднина ќе се случи и дека Романците како Македонците ќе припаѓаат во несвест тогаш кога ќе го слушнат името Тито, без оглед на тоа дали има претстава што се случува во претставата, дали е таа во позитивен правец во однос на ликот и делото или е во негативен правец во однос на ликот и делото, дали е гротеска. Јас не зборувам за претставата, јас немав можност да ја гледам, а и да бев поканета, се прашувам дали ќе отидев, но не знам за што станува збор, македонските пратеници, Владата, јавноста се узбурка толку многу не по повод она што се случи во правец на евентуална, па и вистинска забрана, туку во правец на насловот на драмата. И јас слушав отпосле дека некој пред некого одговарал, па кој пред кого требало да одговара и се сетив дека во изминатата влада еднаш господин Агрон Буџаку кажа јавно и децидно дека тој одговара само пред својата партија. Не сакам да го навредам господинот Буџаку, затоа што не е тука и сметам дека не е чесно, но сакам да спомнам принцип на воведување на пракса во оваа земја, за која тврдам дека ја прави СДСМ на многу негативни, многу негативни појави кои после стануваат пракса, значи тие се иницијаторите. За жал, можеби после и не им се допаѓа тоа што се случило, па денес, замислете, во нивната коалиција она што се случуваше имаа доблест да го критикуваат. Се надевам дека тоа е резултат на еволуцијата во партијата или во политичкиот развој на господинот Јани Макрадули, кој после четири години владеење, сега во опозиција, па неговата матурација завршила со согледување на негативните последици кои се случувале во периодот на владеењето на СДСМ и ДУИ.

Би спомнала дека во овие моменти кога Македонија навистина има тешка задача, наместо да се обвинуваме само за најлошото и пред јавноста да го извадиме она што е најцрно, би можеле да се сетиме и на нешто што е добро и бидејќи еден од говорниците го спомна тоа, би сакала да ве потсетам на добрите траидиционални партнерски односи меѓу поедини коалициони партнери, па така сметам дека би било многу корисно и левите и десни опции да градат добри и традиционални партнерски односи според политичките определби, а не спред личностите, затоа што искуството од минатото покажало дека така е, тогашното ДПМНЕ и тогашната ДПА, кои беа спомнати пред извесен период, навистина имаа успех, а не губитоци или неуспех во културата. Значи, во перидот од 1998 до 2002 година, кога друг беше премиер а не господин Груевски, но имаше и постоеше коалиција меѓу ДПМНЕ и ДПА, се возобнови Плаошник, се направи изградба на Културен центар “Мала станица”, се изгради Милениумскиот крст, се направи реставрација на Самоиловата тврдина, се направи реставрација на Даут пашиниот Амам, реставрација на црквата “Света Софија”, се направија кадровски зајакнувања во културата, се интензивираа активности, да не набројувам понатаму, во безброј детали. За разлика од тоа, во периодот на коалицијата СДСМ и ДУИ, единствена капитална инвестиција која е срам за македонскиот народ е Пелинце и скандал невиден и нечуен, затоа што, замислете, тогашниот министер за култура помислил дека тоа може да биде ем постаро, ем поубаво од прекрасниот манастир во кој во моментот не можеме да влеземе.

Би го потсетила СДСМ и на едни други периоди кога премиер беше навистина некој друг, значи тие имаа во својот мандат три премиери, но кога во периодот на еден премиер можеа да се градат добри односи меѓу партиите во политиката во корист на државата. Зошто го кажувам ова? Ова го кажувам во правец што веројатно со љубомора се гледа на добрите традиционални коалициски односи во десницата, затоа што очигледно празните места на ДУИ покажуваат дека нема добри традиционални односи меѓу политичките партии во левицата. Да беа тие така изградени, претпоставувам дека и пратениците на ДУИ денес

ќе имаа што да кажат против или можеби за кандидатот за министер.

Сметам дека рејтингот на Владата е онаков каков што го дава народот. За жал, од него корист имаат и едните и другите и третите во коалицијата, но едно е вистина, рејтингот е висок или низок, а мандатот го дал народот и тој го одзема народот, а во моментот кога бираме министер не мислам дека е поента да се дискутира на таа тема и да се одвлече вниманието од она што е вистина.

Конечно, не можам да одолеам на провокацијата а да не го прашам господин Макрадули дали во него живее едно мало црно ѓаволче кое во ниеден момент кога станува збор за нешто посериозно и тој не излезе на говорницата, не му дава мир да не го спомене еден од поранешните премиери на оваа држава, господин Љубчо Георгиевски. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

Реплика од три минути има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, почнавме сега да преоѓаме и на други теми. За жал, почитуван потпретседателе, бидејќи на вас ви одговараше ова не ја прекинавте колешката Јаневска и тука нема да се побунам многу. Ме изненадува ставот на колешката Јаневска дека се повикува на некој морален чин на министерот за култура, а да ја потсетам дека при амандманската расправа за тоа дали државата треба да одвои средства за овој европски проект, колешката Јаневска гласаше против и 20-тина минути образложуваше колку е штетно таа претстава да биде, да се одигра во Македонија, така што мислам дека нема морално право да зборува сега за моралниот потез на министерот Беќири. Ако сакате, поучени и од нашето искуство, кажувам дека тоа е лошо за функционирање на една влада кога партијата која е коалиционен партнер во Владата ДПА вели дека бараме оставка затоа што министерот ги прашал прво тие од ВМРО-ДПМНЕ, а не се консултирал со нас. Тоа се одрази штетно на претходната влада, затоа му кажуваме и сега, како граѓани загрижени сме дека таквото однесување не вродува со плод. Секогаш кога некој друг или ДПА бил тој гарант на добрите меѓуетнички односи, на поделбата во функционирањето, лошо било за Република Македонија, а да не зборуваме за партиите. Секогаш ќе го спомнувам господинот Љубчо Георгиевски, бидејќи тој беше промотор на коалицијата со ДПА, но за жал, гледаме дека она што не му успеа на ДПА со Георгиевски, сега и успева на ДПА со господинот Груевски. Зошто е тоа така ќе покаже времето.

Но, повторно ќе кажам, за жал, рејтингот на кој што го има премиерот ДПА сака да го искористи, да ги извози сите свои проекти до крај.

А, кога станува збор за созревање ќе погледнеме набрзо дали навистина ВМР Народна созреала и ќе се реши да избере еден лидер како што сте вие, после вашето седум месечно однесување што го имате овде во Парламентот во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута госпоѓа Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Господине Макрадули,

Лошо е да имате цензури, лошо е министрите да одговараат пред лидерите на своите партии. Но, јас имам морално право да зборувам за ова што зборувам. Точно е, гласав против и денес се обидов да објаснам зошто сум направила така кога ја спомнав драмата и кога зборував за Романија и Чаушеску. Ве молам да се сконцентрирате и во иднина, можете вие тоа, добро да ме следите.

А за мене, за разлика од вас, не треба никој да се грижи. Јас ниту бранам личности, ниту очекувам личности да ме бранат. Единствено што застапувам во Парламентот е гласот на народот во насока на идеологијата што тие ја одбрале или изгласале. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

Реплика од три минути има господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Во дискусијата на почитуваната колешка Јаневска, за која што ќе речам дека многу високо ја почитувам, ми се потврди една теза дека крвта не е вода, дека ВМРО-ската крв не е вода. Односно, дека многу, многу е згрешена работава кога не само ДПА, со силни маки, се обидува да го заштити премиерот и ВМРО-ДПМНЕ, туку и ВМР Народна влетува во ваква ситуација.

И, не можам да дозволам да денешната расправа се сведе во дискусија од типот - не разговарајте за тој кој цензурира и забранува, тој не е автократот и диктаторот, проблем е темата за некој си, наводно, диктатор.

Аманте луѓе, за што ние денеска правиме муабет? Не правиме муабет за Јосип Броз Тито. Правиме разговор за конкретен факт - цензура во Република Македонија. Цензура после 15 години демократска историја на оваа држава. И тоа е најголемиот проблем. И, за тоа треба да разговараме.

Мене ми е сосема јасно дека еден од главните играчи во целата оваа работа, според шпекулациите во јавноста е државниот секретар во Министерството за култура, кој што, претпоставувам, левитира во просторот помеѓу ДПМНЕ и НП, ВМРО и едното и другото. Тоа ми говори дека денеска се обидуваме да ги дефокусираме работите и да не дадеме одговор на клучните прашања, кој ја нареди цензурата? зошто ја нареди некој цензурата? И, сега, разговараме за нешто што апсолутно не е предмет на овој разговор.

Се сллучи крупна работа за која што, ако не го дадеме дефинитивниот одговор сега, ќе имаме уште една и уште една и уште една серија од овој тип, а веќе има такви најави и ќе влеземе во еден

лош филм на македонско-шпанска серија во режија на Владата каде што главната работа ќе биде цензурата. Веќе има сериозни индиции за такво нешто.

Впрочем, ако не ви се допаѓа или влегувате во анализа во самото дело, што не е предмет на Парламент, тоа е предмет на театарски критичари, на крајот и на публиката. Јас ќе ви дадам предлог, тогаш може да направите едно сериозно актерско театарско дело во кое што, за жал, ни се случува во моментов на сцената, а тоа може да се вика отприлика “Војводата Тачи-перспекти и можности за растурање на Македонија”. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално три минути пратеник Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да ве потсетам вас и колегиве дека, ако не се лажам, денеска точка на дневен ред е избор на министер во Владата на Република Македонија.

Така што, ако е возможно да направат одреден напор сите колеги, вклучително и вие, да се држиме до оваа точка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Ова беше напоменато неколку пати, бидејќи од самиот почеток темата стана повеќе политичка отколку точка на дневен ред. Јас би ги замолил пратениците да се однесуваат коректно кон точката што ни е на дневен ред.

Јаневска Весна контра реплика од една минута, повелете.

**Весна Јаневска:** Не знам во кој демократски принцип господинот Игор Ивановски зема за право да ја окарактеризира како негативна мојата политичка определба дека сум ВМРО-ка. И, колку повеќе вие ме мразите и колку повеќе ме критикувате, толку е појасно дека јас сум тоа. Не можете да очекувате дека повеќе ќе ве сакам вас од овие кои барем во своето име ги имаат првите 4 букви кои ни се нам заеднички.

Ви благодарам што ми дадовте можност ова по не знам кој пат јавно да го кажам. Но, тоа не значи дека не се согласувам со она што го кажав, што е факт. Ве молам да се сконцентрирате на фактите од мојот говор и да не ме прозивате за она со што јас се гордеам. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

Има збор пратеник Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Оваа точка, денеска, на дневниот ред за избор на нов министер за култура во Владата на Република Македонија е само последица на она што претходно се случува. А што навистина се случи и што е позадината и вистината за прекините што ја предизвикаа оставката?

Искрено, се сомневам оваа оставка не само што е изнудена, туку таа е една обична фарса. Суштината лежи во прашањата: кој ја изнуди таа оставка и кој ја стимулираше или кој ја нареди цензурата или забраната?

Значи, тоа се причините за тоа во една сериозна демократска држава треба да се дискутира и треба да не загрижи сите. Затоа, кога го даде своето кусо експозе премиерот, не требаше само да се задржи на биографските податоци за изборот на новиот министер. Тоа не е спорно. Го имате мнозинството, ќе биде избран. Има и друг начин како да се промовира во јавноста.

Меѓутоа, премиерот требаше да се задржи на мотивите, бидејќи тој го има дискреционото право, согласно Уставот, да прифати или не оставка на министер и причините поради кои се одлучи да ја прифати оставката. Немаше никакво образложение да навлеземе во суштината што всушност се случи во Република Македонија. И, зошто ова се случи? Што ова значи во една демократска држава? Каква држава е после ова Република Македонија? Дали е подемократска затоа што имаме фарса од оставка и тука, да се разбереме на почетокот, апсолутно сметам дека министерот Илиријан Бекири нема никаква вина. Тој понесе објективна, морална одговорност во режија на некој друг и мислам дека ДПА нема апсолутно никаква врска со ова и на министерот Бекири дури треба да му се честита за моралниот чин. Тој на некој начин беше жртвуван од некои други. Се сомневаме дека е тоа коалициониот партнер ВМРО-ДПМНЕ чија идеја е она што се случи забраната и цензурата на претставата како недемократски чин во Република Македонија.

Значи господинот Тачи беше во право пред некој ден кога кажа дека реално министерот Бекири ја понел објективната одговорност, меѓутоа треба да се испита што е позадината и која е субјективната и чија е субјективната одговорност. Сигурно субјективната одговорност, сигурно идејата не е ниту на ДПА а најмалце на министерот Бекири. Затоа, очекуваме одговори од Владата, од премиерот, а не од ДПА.

Значи, не може премиерот да остане настрана само со неговото декларативно прифаќање на оставката, затоа што министерот одговара пред него. Меѓутоа, политичката позадина со оглед на тоа како функционираат односите па и помеѓу коалиционите партнери на власта на сите добро ни е позната.

Значи, сигурно без амин од ВМРО-ДПМНЕ, од највисокото раководство, можеби од самиот премиер лично, ова немало или не можело да се случи. Затоа знаеме дека вакви работи многу ретко се случувале во Република Македонија и не може да ги покриеме туку така со просто прифаќање на оставката и ајде сега нема да зборуваме за тоа што се случило тука ајде да зборуваме за биографијата на новиот министер што треба да го избереме. Не е спорна биографијата.

Сега ако тенденцијата е да не говориме за причините да видиме каде лежи генезата на проблемот во кој правец се движи Република Македонија, на кое ниво е демократијата во Република Македонија за да извлечеме поука дали некој треба да сноси морална или политичка одговорност за ова што се случи, да ги најдеме виновниците од политички и морален аспект зошто ова е направено, повторно имаме процедурални забелешки и обид за внесување на цензура и во Парламентот зошто говориме за тоа, а не за нешто друго што сака да го чуе Владата, на пример.

Мислам дека, читајќи го текстот на оставката, мислам дека апсолутно тоа не е творец на текстот ниту пак на забраната, уште помалку на забраната не е самиот министер. Апсолутно како што се наведува во оставката цитирам: поаѓајќи од последните реакции на јавноста, значи на јавноста, не на СДСМ, јавноста во Република Македонија реагираше и тоа треба многу повеќе да ве загрижи како Влада. Не реагирал СДСМ на прес конференција, или Јани Макрадули или не знам кој. Јавноста реагирала во Република Македонија тоа го пишува во оставката на министерот. "Поврзани со театарската претстава "Тито" која овие денови беше прикажана во Центарот за култура -Битола, а за која јас лично имав побарано да не биде прикажана во ниедна национална установа кај нас мое убедување кое што и понатаму останува непоместено и за кое сум свесен дека е во спротивност со општите ставови на Владата на Република Македонија, ви се обраќам вам господине премиеру преку ова писмо..." итн, се наведува дека се поднесува оставка.

Што може да се заклучи од содржината на оваа оставка? Затоа велам, мислам дека не стои ниту ДПА ниту министерот зад оваа оставка. Со оваа оставка, всушност, се сака да се остави впечаток министерот да се прикаже како носител на некоја објективна морална одговорност и тој да биде колатерална штета или жртва, политичка жртва, а да се спаси интегритетот и да се спаси Владата од срамот што го направи. И, се наведува дека Владата, постапката на министерот, наводно била спротивна од општите ставови на Владата. Значи, Владата е овде високо морална, високо демократска и не знам што, а министерот е виновникот. Мислам дека е обратно. Мислам дека е сосема спротивното.

И на крајот, во врска со оставката не верувам дека лично министерот, како што пишува има побарано да не биде прикажана претставата. Мислам дека нема врска министерот и дека најмалку тој лично барал. Тоа, можеби, го направил по нечиј налог, пред се, како што реков на ВМРО-ДПМНЕ.

Значи, во овој случај, министерот е претставен како жртва, заштитник на налогодавачот, во овој случај Владата. Испаѓа дека со ваквите постапки Владата претставува една фарса. Си играме демократија во Република Македонија и режираме морал и самокритика. А, при тоа забрануваме претстави. Театарски претстави. Зарем до таму дојдовме во Република Македонија, какви и тие да се, за кого и да се и кој се почувствувал повреден, или загрозен во културата така да се однесува Владата? Ако една Влада се однесува недемократски во културата, можеме да претпоставиме како владее во останатите сегменти во државата. Како се однесува. Дали демократски или автократски, апсолутистички.

Не смеат луѓе, посебно не министри да бидат жртви ради рејтингот на Владата или ради рејтингот на поединци од ВМРО-ДПМНЕ. Значи, не е доволна само оставката. Потребна е дебата да видиме, последиците ги знаеме, но да ги видиме причините на налогодавците за ваков недемократски чин во Република Македонија.

Затоа, сметам дека ова, за жал, покажува во каква држава ние живееме, како се владее во нашата држава и каква перспектива имаме во Република Македонија со ваква власт.

За сега, реков, очекуваме во дебатата, затоа се тука претставниците на Владата, тука е целата Владата, беше дојден и премиерот, можеби тој лично, како што рече, при експозето, ќе се вклучи понатаму за да имаме можност за дебата, за да извлечеме некои поуки, за да го најдеме вистинскиот виновник, а не да се замачка одговорноста преку инсценирана оставка и да глуми Владата дека е високо морална и дека е демократска, а да се оцрнуваат министри дека се неморални и недемократски, потребно е да премиерот, кој уставно ја прифатил оставката, да ги каже причините и мотивите зошто тоа го направил.

Значи, оваа седница не може да се сведе на биографијата на идниот министер, ќе го изгласаме и толку ќе заврши приказната во јавноста. Ова, остава длабоки последици на демократските процеси во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Процедурално или реплика барате госпоѓо Бонева? И двете. Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Ги слушам многу внимателно колегите од опозицијата и вистина не можам да се начудам, бидејќи се јавија за збор пратеници од бившиот состав на Парламентот на Република Македонија и не се сомневам во тоа дека добро го знаат Деловникот за работа во Собранието.

За нивно потсетување, меѓутоа да и биде јасно и на македонската јавност, морам да кажам дека во член 111 од Деловникот јасно стои дека "секој носител на јавна или друга функција што го избира или именува Собранието има право да поднесе оставка и може да ја образложи оставката во траење од 15 минути". Пред нас сите ја имаме оставката на министерот. А, министерот не ја образложи оставката, јасно кажува дека

никој друг нема право да дискутира по оставката на министерот.

Ќе ви го прочитам и ставот 2:

“Собранието, на првата наредна седница, без претрес (значи без претрес) констатира дека на носителот на јавната или друга функција мандатот му престанува на денот на одржување на седницата”.

Основното нешто, почитувани колеги, е дека денеска имаме точка на дневен ред - Предлог за избор на член на Владата на Република Македонија. Ниту еден од вас не се осврна на точката на дневен ред. Дневниот ред е Предлог за избор на член на Влада на Република Македонија. Ниту еден збор за кандидатот за кој што треба да дискутираме.

Ќе ве молам, дискусиите, наместо да ги пренасочувате таму каде што вие сакате, како да имаме на дневен ред интерпелација на Владата на Република Македонија или на премиерот, да ја насочите кон Предлогот за избор на министер на Владата на Република Македонија.

За запознавање на јавноста, бидејќи господинот Кондарко почна да ја чита оставката на господинот министер, повторно ќе кажам дека досегашниот министер во неговата оставка вели:

“ Поаѓајќи од последните реакции на јавноста поврзани со театарската претставка “Тито” за која што јас лично имав побарано да не биде прикажана во ниедна национална установа,по мое убедување кое и понатаму останува непоместено и за кое сум свесна дека е во спротивност со општите ставови на Владата на Република Македонија, ви се обраќам вам господине премиер преку ова писмо”. И понатаму вели, поаѓајќи од моите лични принципи и моја морална совест, давам неотповиклива оставка. Мислам дека нема потреба повеќе да се задржуваме на оставката на министерот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам на вашето процедурално укажување. Тоа беше и на мене ред, да кажам, бидејќи се случи што се случи до сега. Господа од опозицијата имавте право да барате интерпелација за работата на Владата, или во најмала рака може да барате информација за збиднувањето околу претставата која е спорна. Денеска на дневен ред ни е точката Предлог за избор на член на Владата на Република Македонија.

Оtоврам претрес по предлогот Арификмет Џемаили да биде избран за министер кој ќе раководи со министерството за култура.

Значи, до сега се зборуваше за многу работи, за интерпелација, за се, само не за избор на член на Влада. Затоа ќе ве замолам да се придржувате кон дневниот ред, во спротивно ќе бидам приморан да ви одземам збор спротивно на мојата желба.

Процедурално господинот Лазар Китаноски.

**Лазар Китаноски:** Господине потпретседателе, мислам дека за жал погрешно го толкувате Уставот. Ние сега расправаме зошто бираме нов министер. Причините за избор на нов министер е во тоа што е разрешен, односно поднел оставка министер заради кршење на демократијата на Република Македонија, заради брањењето на нешто што е најсвето во секоја демократска држава. Јас сум разочаран од дискусијата на госпоѓа Бонева кога ја свртува темата на формалниот аспект.Овде се работи за многу суштинско прашање. Прв пат од 1990 година се забранува претстава и разговараме за тоа и заради тоа доаѓа до промена на еден министер. Тие се поврзани работи.

**Бесим Догани:** Вие можете да поднесете барање за информација, да се дискутира на некоја од нивните седници.

**Лазар Китаноски:** Ние побаравме информација, меѓутоа мнозинството тоа го отфрли.

**Бесим Догани:** Тоа е правото на мнозинството.

**Лазар Китаноски:** Од тоа се гледа колку се тие за демократија во Република Македонија. Мислам дека сосема е во ред да се расправа зошто доаѓа до промена на министер. Темата е зошто се бира нов министер. Ние се обидуваме да објасниме кои се причините што дошло до избор на нов министер.

**Бесим Догани:** Во Деловникот за работа се е јасно и вие сте обврзани да зборувате за изборот на господинот Арификмет Џемаили.

**Лазар Китаноски:** Ова е крајно недемократски. Ова е диктатура врз малцинството во Парламентот.

**Бесим Догани:** Тоа е деловничка диктатура.

**Лазар Китаноски:** Не е деловничка диктатура, тоа е ваша диктатура.

**Бесим Догани:** Три минути процедурално пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе,

Процедуралната забелешка се состои во следното. Мислам дека не е во ред госпоѓата Силвана Бонева да се затскрива зад деловничката процедура и зад формално за точката на дневниот ред, а преку тоа да ни наметне нова цензура и тоа во Парламентот на Република Македонија. Мислам дека нема кој од што да се плаши да говориме отворено на оваа тема. Затоа мислам дека не треба тоа да го дозволите. Ако тоа биде така, еве тука е присутен и премиерот, нека даде и негово мислење, дали можеме, или не можеме да говориме за оваа точка. Ако не, да преминеме веднаш на гласање.

**Бесим Догани:** Господине Кондарко, немојте да ги мешате работите. Премиерот не одговара за работата на Парламентот, ниту за Деловникот.

**Борис Кондарко:** Тој е предлагач.

**Бесим Догани:** Деловнички е пишано јасно и убаво за што може да се дискутира. Уште еднаш ве потсетувам дека на секого ќе бидам приморан да му одземам збор кој нема да зборува по точката на дневниот ред.

Има збор Оливер Спасовски.

**Оливе Спасовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата. На почетокот потпретседателе да ви укажам на вас дека не можете да се обраќате само под процедурална претпоставка, или забелешка само на пратениците на опозицијата, заради тоа што Парламентот не е само од пратеници од опозицијата, туку и од парламентарното мнозинство. И упатно е да говориме за процедурата во рамките на Собранието на Република Македонија, не кон одредена група на пратеници, или на поединци. Ваше право е да одлучите исто како кога не ги применувате деловничките одредби за одземање на збор, исто ваше право е да одлучите кога и на кого ќе му одземете збор, ако не се држи до темата на дневниот ред. Исто така, сакам накратко да кажам, нема да должам многу токму околу точката на дневниот ред за изборот на членот на Владата на Република Македонија која што е денеска на оваа седница.Сакам да разговараме, иако тоа веројатно не им се допаѓа ниту на парламентарното мнозинство, ниту на Владата, меѓутоа разговараме за причините, разговараме за поводот на оваа оставка, сакаме да слушнеме одредени аргументи овде во Собранието се со цел да му овозможиме на новиот министер за култура, или на кандидатот кој што е предложен од страна на Владата да има јасна претстава во што влегува во овој момент, како понатаму треба да раководи со Министерството за култура и што е тоа што може да му се случи. Јас воопшто не сакам да ја коментирам оставката. Оставката беше дадена во писмена форма, беа дадени изјави во медиумите, за сите аргументи што беа изнесени коментар веројатно имаат и граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, поводот за кој што беше дадена оставката и те како треба да се прокоментира токму денеска кога бираме нов министер за култура во Владата на Република Македонија. Реков од едноставна причина да не ни се случи повторно истата работа, да не ни се случи поднесување на оставка од објективни причини што беше неколку пати нагласено и од партијата на господинот Бекири, не и од страна на Владата, да поднесе оставка. Таквиот морален чин на господинот Бекири јас го почитувам, го ценам и можам да кажам дека тој допринесе во рамките на зголемувањето на нивото на демократијата во Република Македонија. Меѓутоа, поводот заради кој што беше дадена оставката ја врати Република Македонија 17 години наназад во делот на демократизацијата се потврдија одредени тези кои што беа поставувани овде во Парламентот, па и наметнувани во јавноста дека постои, нагласувам, постои одредена определба за цензура на одредени изјави, на натписи, на телевизиски емисии, па дури и на . . .

**Бесим Догани:** Се договоривме да говориме за изборот на новиот член на Владата.

**Оливер Спасовски:** Да, господине потпретседателе, говориме за избор на новиот член на Владата. Јас укажувам за поводот кој што доведе до овој избор. Поводот веројатно ќе биде точка на дневен ред кога ќе имате доблест, односно Владата на барањето на пратеничката група на СДСМ поднесува на 3 април да го доставите во Собранието и тогаш детално ќе говориме за причините. Меѓутоа, сега разговараме за поводот, би рекол токму заради тоа што треба да ги согледа новиот министер одредените состојби во Република Македонија и со каква хипотека влегува во Министерството за култура. За тоа говориме. Реков, кога говорев за цензура и за обиди, сега на крајот се случи да имаме цензура на една претстава која што, еве и од објективни причини нека биде, допринесе за оставка на претходниот министер. Јас не ја анализирам оставката и причините кои што ги изнел во оставката. Реков, таквите анализи и од одредени изјави кои што беа дадени во врска со овој настан, нека ги анализираат граѓаните на Република Македонија. Факт е дека имавме потпишано одлука со која што се забранува оваа претстава. Факт е дека таа одлука не била донесена самостојно од страна на министерот. Редно беше и пред Собранието на Република Македонија и пред македонската јавност да се кажат причините, да е каже кој е тој што може да нареди една таква забрана за одржување на претставата. Никој друг, освен тој што е на повисоко ниво од министерот, премиерот на Владата на Република Македонија. И токму затоа сакам после изборот на господинот Арификмет Џемаили кога тоа е извесно дека ќе стане министер, ќе почне да работи во Министерството за култура и во Владата на Република Македонија да ги има предвид овие поводи и вакви поводи кои што ни се случуваат во Република Македонија, да опстои до крај на заложбите кои што се најавуваат од страна на раководството на ДПА, дека нема да поддржи никаква цензура, па макар тоа да биде наредено и од страна на премиерот. Покрај тоа што нешто нема да направите, веројатно господине Џемаили сега гледате дека и нешто што ќе ви наредат ќе направите, па после ќе ви дојде до глава. Тоа би сакал да го имате во предвид понатаму. Би сакал многу повеќе да го почитувате словото на законот за разлика од вашиот претходник. Многу посреќен ќе бев ако разговаравме по интерпелацијата за господинот Беќири, па да ги анализираме сите незаконски решенија кои што беа донесени во Министерството за култура во овој период. Од тие причини очекувам да имате добра основа за тоа како не треба да се работи во Министерството за култура, да се покренат одредени проекти кои што беа стопирани во овој период во Министерството за култура, да почне да бележи резултати ова Министерствот. И уште еднаш нагласувам, добро да внимавате, да не потпаѓате под интригантските, политикански услови кои што ќе ги наметнува, дали е тоа премиерот, или некој од вашата политичка партија, да си го почитувате словото на законот, за да не ни се случи повторно да имаме некоја нова претстава која што ќе биде забранета со вашиот потпис, а после тоа ќе морате да изјавите дека бевте приморани да ја дадете оставката, исто како што тоа го направи

господинот Беќири, многу чесно од негова страна. Меѓутоа, нечесно од страна на неговиот наредбодавец, на претседателот на Владата без да образложи ниту еден збор од овие причини, без да каже дека навистина има намера да прекине со една ваква цензура. Јас не знам што ќе се случеше и кој требаше да поднесе оставка и за одлагањето на емисијата “Во центар”, веројатно некој од директорите, или ако беше министер, меѓутоа, за жал, односно за среќа тоа е приватен сопственик, па нема да може ништо друго освен некоја пријава.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Беневска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата на Република Македонија. Господине претседател, со оглед на тоа што на денешниот дневен ред имаме директен предлог за избор на нов член на Владата каде што како единствен овластен предлагач се јавува премиерот, односно мандатарот на Владата на Република Македонија, ве молам под итно да го обезбедите неговото присуство, како би можел да одговара на наши прашања, со оглед на тоа што Собранието одлучува за составот на Владата, а по предлог на почитуваниот мандатар.

Со оглед на тоа што експресно го обезбедивте неговото присуство, јас ќе продолжам.

Почитуван претседател на Владата на Република Македонија. Согласно Уставот ни предлагате денес Собранието да расправа по вашиот предлог за нов министер за култура во Република Македонија да биде господинот Арификмет Џемаили и по ваша кратка елаборација од околу 90 секунди, или една и пол минута, ние треба да одлучиме за новиот состав на Владата, со која вие раководите. Дозволете ми почитуван премиер да цитирам ваши наводи. Седум месеци ја предводите Владата на Република Македонија и го изјавивте пред извесно време следното: “Додека сум јас премиер во оваа држава ќе нема забрана на театарски претстави и ќе нема цензура. Додека сум јас премиер во оваа држава не ќе може да се протеруваат првенци на македонскиот балет, додека сум премиер во оваа држава нема да се нарушува автономија на Универзитетот и тн.” За жал, фактите говорат сосема спротивно. Во оваа држава додека сте вие премиер се случи и цензура.

**Бесим Догани:** Госпоѓа Бендевска, ве молам говорете за темата.

**Весна Беневска:** Значи, говориме за нов состав на Владата на Република Македонија на предлог на премиерот. Јас барам образложение од предлагачот. Господине Догани, ќе ми ја цензурирате ли мојата мисла, ќе ми го одземете ли правото да говорам во име на граѓаните? Говорам токму по дневниот ред. Нов министер за култура на предлог на почитуваниот предлагач, односно премиерот. До него упатувам прашање, да знам зошто во овој момент Собранието расправа за избор на нов министер. Што се случи во Република Македонија, еден министер да поднесе оставка? Или пак ќе се соочиме со практиката господинот премиер на секои две недели да не свикува и да ни предлага нови решенија како негови директни барања за одржување седници на кои ќе бираме министри, со кратка елаборација од минута и пол, точно така. Уставната категорија вели дека кога министер ќе поднесе оставка, без претрес, не расправаме. И ние не расправаме. Меѓутоа, да потсетам, токму господинот Груевски инсистира на транспарентност на работата. Па никој до сега не знае колку пари македонските граѓани плаќаат за да ја следат во директен пренос работата на Владата.

**Бесим Догани:** Ве молам, тоа е друга тема.

**Весна Бендевска:** Зошто македонската јавност беше ускратена од седницата на Владата кога се констатираше оставката, ќе мора тој да одговори.

**Бесим Догани:** Ве молам, вратете се на темата што е на дневен ред.

**Весна Бендевска:** Па јас не говорам за земјоделски култури господине Догани.

**Бесим Догани:** Вие зборувате за емисиите, за директното емитување на седниците на Владата.

**Весна Бендевска:** Господине Догани, повторно ве прашувам, се обидувате ли да ме цензурирате повторно?

**Бесим Догани:** Не. Се обидувам да го спроveам Деловникот. Повелете, имате уште еднаш право да се вратите на точката на дневниот ред.

**Весна Бендевска:** Господине Догани, нема да ми го одземете ентузијазмот да говорам по дневниот ред. Нема да успеете. Доколку не се одлучите навистина да ми го одземете мојот збор да говорам по предлогот кој господинот Груевски ни го достави до нас, нов министер за култура. Токму по тоа говорам за факти. Претпоставувам, не ви се пријатни да ги слушате, но се констатирани и се случија во Република Македонија и доведоа до избор на нов министер за култура.

Факт е дека откога на 26 август 2006 година ова Собрание ја изгласа Владата на Република Македонија на предлог на Никола Груевски како мандатар, се случи, прво, комплетна партизација во културата. Лично како пратеник имав поставено пратеничко прашање, зошто се случуваат смени на многу успешни директори на национални установи на културата. Го добив одговорот потпишан од екс министерот, дека тоа било негово дискреционо право. Па сакам да го прашам премиерот, зошто тогаш не предложи нов министер за култура?

**Бесим Догани:** Ве молам, госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Во Република Македонија, во културата на нашето општество се случи, скандалозно да биде протеран првенец на македонскиот балет. Зошто тогаш господине Груевски не го заменивте министерот за култура?

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Има збор пратеник Божиновска Балентина, повелете.

За процедурално се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Прво, согласно кој член од Деловникот го одзедовте правото на говор на пратеник од СДСМ. Тоа е првото прашање до вас.

**Бесим Догани:** Ве молам да се сослушаме.

**Јани Макрадули:** Го молам господинот Китановски нека ја спроведе фудбалската федерација на 17-ти, нека не се секира овде што правиме.

Значи, ве прашувам вас процедурално, како координатор на пратеничката група, според кој член од Деловникот му го одзедовте правото на говор на еден пратеник од СДСМ? Барам одговор согласно Деловникот.

**Бесим Догани:** Во ред, завршивте ли?

**Јани Макрадули:** Да.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господине Макрадули, неколку пати напомнав дека точка на дневен ред е дискусија за избор на нов член на Влада. Јасно укажав дека на секого ќе му одземам збор кој што нема да се придржува кон дневниот ред. Тука мислам дека е многу јасно и не треба сега да го анализираме Деловникот.

Процедурално има господин Лазар Китановски, повелете.

**Лазар Китановски:** Господине потпретседателе имате генерален секретар, ако не, земете го Уставот и погледнете го членот 92. Дали сте слушнале за овој член? Не. Еве сега ќе ви прочитам: "Владата и секој нејзин член за својата работа одговараат пред Собранието".

Според тоа, премиерот одговара како и другите министри. Премиерот одговара за тоа зошто ја усвоил оставката на поранешниот министер и зошто предлага нов министер.

Нашата пратеничка прашува во таа смисла, зошто премиерот и покрај своите изјави, предлага нов министер. Треба да објасни. Тоа е во согласност со Уставот, со членот 92. Ве молам, немојте да го кршите Уставот. Секоја расправа за промена на Влада е расправа за демократијата. Тоа ви го реков. Само тоа вие изгледа не го разбирате. Јас повеќе од ова, не знам како да ви објаснам. Расправите за персонални промени на Владата, се расправи за политиката на една Влада. Расправа за досегот на демократијата. Така се градат демократските односи. Ние ништо нема да направиме со тоа што ќе знаеме дека овој имал ваква биографија, таква биографија. Кога се менува член на Влада, се менува по повод некакви случаи. Така се создава демократско чувство и така демократијата ќе оди напред. Затоа се тие политички расправи. Не можете вие да ги толкувате со некакви формални аргументи кои покрај другото, и не се точни. Јас сакам да помогнам најдобронамерно и да ви укажам дека ние не можеме да ја избегнеме политичката расправа, затоа што низ политичката расправа се знае демократијата во секоја земја. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Китановски.

Господине Макрадули ќе се стрпите малку, морам да му објаснам на господинот Китановски.

Господине Китановски, јас не сум слушнал за вашиот член 92, но најверојатно господинот Китановски не слушнал за членот 87 од Деловникот. Господине Макрадули вие сте експерт. Говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред. Ако говорникот се одалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Собранието, ќе го повика да се придржува до прашањето што е на дневен ред. Ако говорникот и по повторното повикување, не се придржува кон прашањето што е на дневен ред, претседателот му одзема збор.

Ве молам господине Макрадули, процедурално повелете уште еднаш. Јани Макрадули процедурално, трет пат, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, бидејќи сметаме дека во овој момент е сериозно нарушен Уставот, во име на пратеничката група на СДСМ, а согласно Деловникот за работа на Собранието, барам еден час пауза.

**Бесим Догани:** Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15.15 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

На ред за збор е госпоѓа Валентина Божиновска, но не е присутна во салата.

Има збор пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Почитуван потпретседателе,

Моја протоколарна забелешка на почетокот е, ако сите од сабајле тврдеа дека ова е една од битните одлуки што Собранието треба да ги донесе денес, со самото доцнење на овој почеток и со однесувањето, не го покажуваме тоа.

Денес имаме точка која не се случува по прв пат во Република Македонија, да избираме министер во Владата на Република Македонија по поднесена оставка. Не е точно дека тој е прв случај во историјата на Република Македонија еден министер да биде толку доблесен па сам да поднесе оставка, значи тоа е лага што беше искажана неколку пати од пратениците од ДПА. Но, ова е една од ретките седници каде пратениците од опозицијата на конкретен начин беа замолчувани, беше направена ситуација зборот да им биде одземен. Јас се надевам дека тоа можеби е затоа што потпретседателот на Собранието на Република Македонија што доаѓа од редовите на ДПА, ја водеше седницата и има лична причина и мотив да се обиде да го заштити ликот и делото на својот потпретседател Мендух Тачи, или на поранешниот министер за култура, или пак да се обиде оваа ситуација да се спакува во што е можно помал временски рок на траење

на дискусија за јавноста да не може уште еднаш да ги слушне аргументите. Затоа, потпретседателе Анастасовски, бидејќи вие не ја носите вината за тоа, но ја носи потпретседателот на Собранието, Догани кој доаѓа од ДПА

Уште еднаш ќе потсетам дека се надевам тоа ќе биде последен обид на потпретседател на Собрание која институција е на сите граѓани на Република Македонија, не на владеачкото мнозинство да одзема зборови на претставници на останатите политички партии.

Сеуште не го добив извинувањето од господинот Ружди Матоши во кое тој на најбезобразен и дрзок начин нарече, пратеници во оваа сала и луѓе надвор од оваа сала, дека се убијци. Тоа е сериозно обвинување.

Господине потпретседателе, јас се надевам дека кога ќе дојде потпретседателот на Собранието, кога ќе го сликате, не знам како се нарекува тоа, колегиум на овој законодавен дом, ќе ја имате таа доблест да го осудите вашиот и наш колега Ружди Матоши за тоа што го изрече. Во спротивно ќе сметаме дека и во Собранието кое ги претставува сите, а не само вас, а најмалку Владата се има селективен и непринципиелен начин на рабта.

Почитувани пратеници, во изминатиот период во Република Македонија за прв пат се случи тоа, имавме, не обид туку завршен пакт на цензура на една театарска претстава.

Јас нема да навлегувам во тоа дали претставата се однесува на една или на друга личност, каква е нејзината содржина. Тоа не е работа на мене, на Владата, на пратениците, тоа е работа на лични вкусови. Но, она што некој не може да го пренабрегне и да го заборави е дека во Република Македонија полека се инсталира методот на притисок, методот на страв во кој цензурата е само еден инструмент. Денес во Собранието го видовме тој метод на нас самите. Јас не знам што ќе биде следното. Ако и Собранието се замолчи, како што тоа се случи пред три часа, кој ќе биде следниот, ако воопшто постои и следната институција во оваа држава која ќе биде замолчена. До денес не добивме конкретен одговор кој го нарача или кој го спроведе цензурирањето на театарската претстава. Јас го поздравувам чинот и ќе говорам подоцна, на тоа што министерот со едно екстремно проблематично образложение, од морални причини ја поднесе својата оставка и тоа не е храброст, бидејќи нема друга алтернатива. Замислете уште да не го направеше тоа. Тој направи единствено што се очекуваше и што е возможно во една нормална и здрава држава. Но, до ден денес не се разјасни дали тој самоиницијативно го направи тоа, не се демантира или потврди шпекулацијата во јавноста дали на целата работа кумуваше и ја иницираше државниот секретар во Министерството за култура што е од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, а по претходна консултација со раководството на ВМРО-ДПМНЕ, дали тоа значи дека министерот бил само извршител и ред други шпекулации кои не ги отворија пратениците на СДСМ, или некои членови на СДСМ, на прес конференција. Ги откри јавноста и ден денес се вртат. Тоа е многу битно да се расчисти сега, бидејќи ако не се санкционира до крај, тогаш ќе ни се случи повторно. Впрочем, војводата Тачи или потпретседателот на ДПА тоа го кажа во сопствената изјава дека ќе бара расчистување на одговорноста до крај. До сега одговорноста не е расчистена до крај. Дали ќе ја расчистите, тоа ќе треба да бо дадете како одговор вие.

Третата проблематина ситуација која најмалку се говореше е дека во Република Македонија во овој момент не се знае кој ја носи политичката одговорност на министрите и на Владата во целина, дали е тоа премиерот, дали се тоа претседателите на партиите во оваа Влада, за да дојдеме до клучното прашање каква влада во овој момент ја води Република Македонија. Зошто, бидеќи потпретседател или заменик претседател, како што сака да се нарекува, на партија, кажува кој, кога и зошто треба да поднесе оставка. Премиерот се огласи откако оставката беше поднесена. Што говори тоа? Говори дека потпретседателот на ДПА е таа фикура кој кажува кој не треба да биде и кој ќе биде. И тоа не е спорно ако станува збор за општинската организација на ДПА во Боговиње, но овде станува збор за министер, за институција, министер за култура за кој одговорноста вие како мнозинство сте му ја дале на премиерот, и тој ја носи одговорноста. Во ваква ситуација имаме искривување не само на фактите, не само на вистината, имаме системско искривување дека не се знае кој што прави, кој за што ќе одговара и кој, на крајот на краиштата ќе ја сноси политичката и секаква останата одговорност и во потешки случаи. Да биде апсурдот поголем, тоа не само што не се демантира во меѓувреме, туку на вебсајтот на ДПА имаме ситуација каде партијата тврди дека најголемиот грев на министерот за култура, замислете, не е најмногу тоа што со свој потпис ја цензурирал претставата, туку заради тоа што за тоа не се консултирал, не добил дозвола, не добил согласност од шефот. Најверојатно тоа е Мендух Тачи. И тоа е најголемиот грев во ДПА. Што покажува тоа, покажува дека ДПА номинира луѓе или инсталира луѓе внатре во партијата, кој систем го пресликува и во Владата, систем на немање демократија, немање процедури, едноставно функционирање, да не го кажам, на племенски начин.

Потпретседателе бидејќи се подготвувате да ме корегирате...

**Иван Анастасовски:** Во секој случај ќе го направев тоа, меѓутоа не знам како слушнавте дека сакам да ве корегирам. Јас нема да ви го одземам зборот како што вие рековте, нема да ја угушам демокатијата, но сепак би ве замолил да се држите до точката на дневниот ред. Јас би ве замолил.

**Игор Ивановски:** Зошто го говорам ова и да се вратам, иако не се оддалечив од точката.

Ова го говорам од причина што за мене како пратеник, ДПА не заслужува да номинира ште еден кандидат на ова министерско место. Затоа, почитуван потпретседателе ќе гласам против овој предлог и против предлогот на ДПА, бидејќи механизмите на функционирање внатре, номинирањето на луѓето во Владата, начините на однесување ни гарантираат дека во Република Македонија, во Владата која превзема огромни обврски пред граѓаните, работите не функционираат како што треба. Тоа е најмногу одговорност на премиерот, но јас како пратеник апсолутно имам право да го кажам своето мислење и да ви кажам зошто нема да го поддржам овој предлог кој во моментот доаа од ДПА. На крајот на краиштата, кога бираме министер на Владата имаме право да поразговараме и за тоа како функционира Владата. Со ова покажуваме дека во Владата функционираат непишани, неформални, наспроти формалните и законски, или институционални механизми на функционирање, функционираат начините од типот, ова го кажа Мендух Тачи и тоа ќе биде, за дене не само што не добиваме одговор од претставниците на Владата, туку имаме една дрскост, дрскост од најнизок примитивен вид, да на оваа говорница се говори за окрвавени раце, се зборува за убијци, се зборува за некакви небулози, невистини, одвратни работи што не доликуваат на оваа говорница. Впрочем, мене ми е драго што и албанскиот, но пред се и македонскиот граѓанин има шанса изворно да види што всушност е приоритет на ДПА, а што всушност е приоритет спрема тоа и на Владата, не да разговара ни за економија, не да разговра ни за демократија, ќе зборуваме за некакви средновековни приказни кои наводно треба да го одржат или да го зголемат рејтингот, што воопшто во овој момент не ме загрижува.

Почитуван претседателе ова веќе станува пракса, кога станува збор за претставниците на ДПА во Владата, што пак ќе речам, јас се сомневам дека и во оваа ситуација функционирале изолирано. Тие не функционирале изолирано. Никој не дава ни минимум одгвор за тоа и за конкретната ситуација. Секога ни се случуваат вакви работи. Секогаш ни се случува функционирањето или инсталирањето на инструментот на притисок, на цензура, на закана, на страв, заради остварување на сопствените, дури не ни политички, политикантски потреби. За жал, до колку тој тренд, бидејќи е започнат и е амнестиран во овој момент, не сакам да кажам стимулиран од ВМРО-ДПМНЕ, не престане сега, последиците ќе бидат многу поголеми за оваа држава. За жал, тогаш нема да биде предоцна, бидејќи никогаш не може да биде предоцна зз да има демократија во една држава, но санкционирањето или решавањето на проблемите ќе биде многу потешко, а цената ќе ја плати, никој друг туку граѓанинот на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути процедурално за збор се јавува пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине потпретседателе, ве молам да го почитувате Деловникот за работ на Собранието и членот 111. Исто така го повикувам и колегата пратеник Игор Ивановски и потсетувам дека обврска на секој пратеник во Собранието на Република Македонија е да го почитува Деловникот за работа на Собранието и да не смее да зборува за точки кои се надвор од дневниот ред на оваа собраниска седница.

СДСМ има поднесено Информација за состојбите со претставата која беше забранета. Таа информација, парламентарното мнозинство ценеше дека нема итност и треба да добиеме мислење од Владата токму заради сите овие прашања кои ги поставувате и кога ќе добиеме мислење од Владата, оваа информација ќе биде ставена на дневен ред и тогаш може да зборувате за оваа точка. Сега на дневен ред имаме предлог за избор член на Влада на Република Македонија и ве молам да престане да се злоупотребува говорницата на Собранието и да се почитува член 111 од Деловникот на Собранието и во овој собраниски дом да не се употребуваат зборови од типот дека овде се прават притисоци, закани се сеат, страв, се замолчува Собранието, само заради тоа што потпретседателот на Собранието, Догани го почитуваше Деловникот за работа на Собранието, а тоа не го правеа пратениците од СДСМ.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и ја прифаќам вашата забелешка, но има и еден друг член 87 кој говори дека два пати говорникот треба да биде опоменат. Јас еднаш го опоменав колегата Игор Ивановски.

Процедурално за збор се јавува господинот Игор Ивановски.

Во што е вашата процедурална забелешка?

**Игор Ивановски:** Почитуван потпретседателе, господинот Догани не го почитуваше Деловникот на ова Собрание, не го почитуваше Уставот и господинот Догани не побара извинување од својот колега пратеник. Сето тоа што го говори колешката Бонева ќе држи 1% ако господинот Догани си ја вршеше својата работа како што треба.

**Иван Анастасовски:** Колега Ивановски воопшто Догани не е на дневен ред. Инаку потпретседателот Догани се водеше по членот 87 став 3 од Деловникот на Собранието, кој му го дава тоа право, така што јас сега не би ја ширел поинаку расправата.

Јас би се сконцентрирал сега на тоа што е наша обврска и точката од дневниот ред, бидејќи и по однос на вашиот говор, колега, има двајца кои бараа реплика.

Три минути реплика за пратеникот Флора Кадриу.

**Флора Кадриу:** Шема, нема за што да се извинува Бесим сега тука затоа што се

придржуваше кон Деловникот на Собранието. Вие ќе се извините.

Потпретседателе барам да се извини господинот.

(Реакции и негодување во салата).

**Иван Анастасовски:** Полека ве молам, зошто се нервирате. Не ве навреди вас, го навреди колегата Ивановски. Би ве замолил сепак да го држите достоинството на Собранието и да се обратите како што треба кон колегата.

**Флора Кадриу:** Да, ние го држиме достоинството и бараме претходниот колега кој дискутираше, да се извини и тоа јавно да се извини затоа што рече дека имаме племенско однесување, на пратеници од ДПА. Дали тоа однесување е како што треба? Дали е потребно ние да бараме извинување или претходнот дискутант?

Сите вие пратеници од СДСМ докажувате дека вашите дискусии имаат неприроден дискурс каде на драматичен начин говорите за едноставни работи. Елементарните работи ги драматизирате, додека вистинските драми ги упростувате, ублажувате.

За прв пат еден министер, поради објективна одговорност, поднесува оставка и тоа е еден достоинствен чин кој треба да се поздрави, а не да се прави драма овде во ова Собрание.

Немојте да се мешате во внатрешните работи на Демократската партија на Албанците и за тоа на каков начин се назначуваат и разрешуваат министри. Затоа што, ние на крајот на краиштата ги именуваме и ги разрешуваме министрите во разговори со коалиционите партнери, бидејќи природата на нашата коалиција е токму дијалогот. Значи, дискусиите на СДСМ се недемократски, антидемократски, антидијалогот и антинормалните начела на функционирањето на владите изградени врз начелата на коалицијата. По се изгледа во ваше време во вашата Влада одлучувавте само вие. Тоа беше еден дијалог на сервилност. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Господинот Јани Макрадули има три минути процедурално.

Почитуван потпретседателе, почитуван претседател на Владата, министри и заменици присутни , колешки и колеги пратеници,

За жал, влегуваме во една дебата која што е под секое ниво и без разлика што сега поспремни дојдоа пратениците од ДПА, па им е напишана репликата за што треба да кажат, се доведува целата институција Парламент во прашање, се девалвира Парламентот со најтоталитарни дофрлувања и постапки што досега во овие 16 години биле. Господине премиер, сфатете го ова дека оди на ваша штета, за жал, ова однесување и нема да биде добро ваквата пракса да продолжи. СДСМ во оваа фарса не учествува и не може да биде дел од, според нас, цензурата во продолжение или во континуитет што се случува во Република Македонија. Уште еднаш да апелирам и до вас, променете го начинот на однесување со коалиционите партнери, ова не е добро и за вас и за Република Македонија, а во знак на протест пратеничката група на СДСМ сега ќе ја напушти седницата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Во тој случај ние продолжуваме со работа.

Следна за збор е пратеник госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, почитуван премиер,

На самиот почеток сакам да искажам моето очекување дека нема да продолжи вака седницата, иако оваа седница, дебатираме токму по една цензура и беше предизвикана оваа цензура, нема да се продолжи во тој манир и да дозволите, почитуван потпретседателе и мојот говор да биде прекинат односно цензуриран.

Ќе се обидам најконкретно да го искажам што е можно во најкратко време ставот на ЛДП. Имено, на почетокот сакам да укажам дека по скандалозниот настан, кој и нанесе непроценлива штета на демократијата во Република Македонија, а тоа е забраната на претставата “Тито со сигурни дијаграми на копнежот”, според мене логично и разбирливо е министерот за култура да поднесе оставка од својата функција и притоа, јас овде не би сакала да навлегувам дали при носењето на забраната министерот почитувал партиски став или почитувал став на повисока истанца односно на некој друг од Владата. Но, ова го велам затоа што ми беше познат и ставот на оваа Влада. За цело време додека претставата беше поставувана на сцената очекував цело време додека таа беше поставувана на сцената, можеби некое поголемо објаснување од премиерот. Но, еве гледаме дека не треба да се коментира оставката и јас толку би кажала во таа насока.

Сега, би продолжила за она што е денес темата, односно изборот на нов министер, кој што ќе раководи со ресорот култура. Се надевам дека новиот министер многу сериозно ќе ја сфати својата функција, затоа што сметам дека ќе му требаат големи заложби за успешно да ја обавува, дотолку повеќе што ова Министерство, мора сите да признаеме дека е едно од најкомплексните. Се надевам дека новиот министер многу сериозно ќе ја сфати својата функција, затоа што мислам дека ќе му требаат големи заложби за успешно да ја обавува таа функција, дотолку повеќе што ова Министерство е едно од најкомплексните министерства, со што сите мора да се сложиме.

Ако ја видиме биографијата на министерот, која што е доставена пред нас, ќе забележиме дека тој доаѓа од областа на музичката уметност и тука јас немам никакви забелешки, дури и повеќе би сакала да кажам дека почитуваниот министер, се надевам дека ќе биде избран, сега кандидат за министер, успешно во областа на музиката би ја претставувал Република Македонија надвор од границите, барем според она што ни е доставено од неговата биографија. Меѓутоа, зошто реков

дека ќе му требаат поголем ангажман и многу заложби, затоа што ова министерство опфаќа повеќе сегменти и тоа како што е културното наследство, ликовната уметност, драмската уметност, филмската уметност, литературното творештво и да не набројувам понатаму. Според тоа, сериозно пристапувајќи им на проблемите кои што и така ги има во голема мера во сите овие сфери во Република Македонија, нема да дозволи да му се случат пропусти како што му се случија на претходниот министер и нема, поготово Министерството да си дозволи да им укажува на уметниците каква уметност треба да создаваат и дали таа уметност е подобна. Затоа што, почитувани колеги пратеници, сите мора да признаеме, доколку тоа и понатаму ни се случува дека се губи смислата на уметноста односно да се засегаат основните слободи на уметничкото изразување, а тоа веќе се случувало и има една сосема поинаква димензија, има поинаков наслов, кој што имаме и таква уметност, но јас сега овде не би сакала да ја цитирам. Се надевам дека нема да му се случи и настанот, каков што беше оној со скандалозното повикување на јавната програма за издаваштвото во Министерството за култура, кое што беше пропратено со различни ставови и мислења кои што беа изнесувани во јавноста. За жал, ве молам потпретседателе, дали ќе се сослушаме, мислам дека говорам најкоректно, но очигледна е незаинтересираноста на колегите од парламентарното мнозинство и на Владата да сослуша она што го говорам, затоа што навистина најдобронамерно укажувам за една сериозна материја, овој министер реков дека има многу комплексна задача.

Нема да се случи како оној настан што беше со скандалозното отповикување на програмата за издаваштво и тоа покрај различните ставови кои што ги слушавме изнесени во јавноста на крај и овој настан беше пресуден ставот на премиерот кога излезе со изјавата, се гледа дека има сериозни неправилности и истата треба веднаш да се корегира. И, не само што се направи корекција, што е за пофалба, туку резултираше и со смена на Комисијата за издаваштво во Министерството за култура.

Се надевам дека нема да се повтори и оној настан каков што беше разрешувањето на првенецот на балетот, а особено е важно според мене овој министер да има, не се сомневам дека тој нема капацитет, но сметам дека треба да има сили и да се справи со наследените проекти. Преку тие многубројни наследени проекти, јас овде би сакала да се задржам само на Куршумлиан, споменик на културата кој што им припаѓа на сите граѓани на Република Македонија и е сместен на подрачјето на Скопје, каде што од секогаш се вкрстувале разни култури кои што егзистирале на нашата територија. И, се надевам дека тој и понатаму ќе остане таков односно и понатаму ќе остане да биде дел од музеите, каде што имаме една постојана поставка Лапидариумот, место каде што е презентирано дел од грандиозното културно наследство на Република Македонија. На ова укажувам, затоа што овој пат очекувам да биде евидентна соработката со Управата за културно наследство и да се почитува првичната изјава на директорот на културното наследство дека Куршумлиан е споменик на културата и им припаѓа на сите. Очекувам почитуваниот министер да ја почитува оваа изјава, а не да му се види поприфатлива онаа која што подоцна ја даде господинот Таско Кузман, каде што вели дека Владата да одлучи што ќе се случува понатаму со Куршумли-ан.

Почитувани колеги пратеници, спомениците на културата, впрочем не се ниту на Владата, ниту на премиерот, ниту на министерот. За спомениците на културата се грижи Управата за културно наследство, секако и Министерството за култура, но само се грижи, а не располага со нив. За што, ако појдеме по оваа логика дека за нив ќе одлучува Владата, тогаш зошто да не и оној жител од Чепигово кој што пред некој ден ја откопа скулптурата од античката Стибера, да не каже дека таа е моја. Јас не велам, да не бидам погрешно разбрана, апсолутно знам по Законот за културно наследство каде припаѓа таа скулптура, но ако може Куршумли-ан да биде нечија сопственост,  па дури тоа да е Владата, тогаш зошто да не овој жител бара вакви финансиски средства за да ја отстапи, да си го најде своето место таму каде што припаѓа овој грандиозен споменик од античкиот период.

Сосема на крај, сакам да го кажам ставот на ЛДП зошто нема да го поддржиме изборот на овој министер, пред се, од се што ова погоре го кажав и поради сето она што се случуваше во културата во Република Македонија во изминатиот период.

Во овој момент, почитувани колеги, морам да изразам сомнение, не дека министерот ќе нема капацитет да се зафати со реализација на амбициозната програма, каде што токму него треба да го видиме во функција на промотор и реализатор на таа програма, туку дали реалните оперативни потези ќе ги влече токму министерот или некој друг нема да ја дели, ќе ја дели со него субјективната и објективната одговорност за донесените одлуки. За што, работите, почитувани колеги, ако останат како што беа досега, без да се даде реална проценка за одговорност на министерот, да се оди по тоа и да креираме сосема поинакво оценување и да се мери степенот на субјективност и објективност на одговорноста или пак секогаш во јавноста ќе остане мислењето, да провејува мислењето дали за одлуките кои што ги носи министерот стои некој друг, тогаш почитувани колеги си го поставувам прашањето, ако сите овие заклучоци водат кон една поента дека Министерството функционира и без министер, дали нам навистина ни е потребен министер за култура. Додека работите стојат вака, ние нема да го поддржиме Предлогот за избор на министерот за култура. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и на вас почитувана колешке.

Има збор пратеник господин Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господине премиер, почитуван господине кандидат за министер,

На почетокот сакам да го изразам мојот став и ставот на мојата партија дека се надеваме, ова е последен пат во Парламентот да се разговара за избор на член на Влада, без тој воопшто да биде претставен, било на јавноста, било на Парламентот преку соодветната матична комисија.

Досегашната практика што ја имавме во Парламентот, во која што се вклопува и овој денешен предлог, всушност, бара од пратениците на слепо да ги бираат кандидатите за министри. Тоа е недозволиво и нашиот Парламент треба што побрзо да се преориентира на она што го прават сите европски парламенти, претходно да има сослушување, презентација или како сакате, кој термин да го употребиме, на кандидат за член на Владата најмалку пред матичната комисија. Вака, пратениците се оставени да бираат и да дискутираат на слепо, затоа што освен минималните биографски податоци тука што се дадени, ние за жал, не знаеме ништо повеќе за кандидатот за министер, кој што треба да раководи со еден исклучително комплексен и значаен ресор. Значи, би замолил, пред се, работното претседателство на Парламентот во иднина, тоа воопшто не одзема ниту време, ниту средства да овозможи соодветно претставување на кандидатот најмалку пред матичната комисија, за да имаме квалитетна расправа и самата расправа на пленарната седница да биде што поефикасна.

На почетокот морам да кажам дека чувствувам една блага завист од сегашнава коалиција, затоа што очигледно е дека односите на меѓусебна соработка и покривање функционираат извонредно. Морам да кажам дека многу ми е жал што во изминатите четири години коалицијата во која што мојата партија учествуваше, немаше таква соработка.

Навистина, потегот на ДПА да застане во заштита на својот поголем коалиционен партнер и на премиерот е за поздравување и јас можам само да искажам жалење што во изминатиот период ние немавме таков коалиционен партнер. Да потсетам, дека пред две години коалицијата СДСМ, ЛДП и ДУИ наместо да се откаже од еден ресорен министер, чија оставка ја бараше премиерот, дозволи оставка да поднесе тогашниот премиер, господинот Костов. Ова што го гледаме денес е навистина чекор напред, каде што коалиционите партнери покажуваат капацитет да делуваат на заедничка платформа. Како што кажав, навистина, тука мора да се почувствува блага завист. Дали тоа се должи на успешноста на премиерот да ги убеди коалиционите партнери или пак на стратешкото промислување од страна на ДПА во нивното поставување во коалицијата, не знам, меѓутоа како и да е тоа претставува напредок во функционирањето на коалиционите влади.

За жал, морам да кажам дека сум разочаран од многу краткото образложение на премиерот. Премиерот со таквото кратко образложение како да се обиде да ги стави под тепих основните причини зошто денес ја имаме оваа точка на дневен ред. Мислам дека, господине премиер, ако не говорите за тие причини, вие нема да направите тие да исчезнат и сметам дека оваа денешна расправа во Парламентот беше извонредна прилика да се проговори јасно, отворено за она што дојде до оваа ситуација. Имено, за скандалозната забрана на еден културен продукт.

Исто така, морам да кажам дека сум разочаран што премиерот не побара разрешување, а не овој случај што го имаме со оставка. Зошто разрешување? Затоа што никогаш досега, дури ни во историјата на комунистичка Македонија не сме имале случај, министер за култура со сопствен потпис, со сопствена одлука да забрани претстава. Навистина, се соочивме со еден брутален чин, кој што мораше да биде санкциониран од премиерот.

Значи, премиерот требаше да биде тој што ќе побара разрешување на член на Владата и ние денес, пред да пристапиме кон избор на нов член на Владата, да дискутираме за разрешување на сега веќе екс министерот за култура.

Во сферата и во дејноста, во ресорот кој ќе го раководи сегашниот кандидат за министер, што го работеше и претходниот, потребно е почитувани колеги да се има една лична морална вертикала за да се раководи со тој ресор. Затоа ќе се навратам на тоа што го кажав на почетокот, не е добро пратениците повторно на слепо да одлучуваат.

Зошто премиерот не побара разрешување.

Според моето мислење затоа што во целата случка еден од најмаргиналните актери, всушност, беше поранешниот министер за култура. Неговата одлука потпишана од него не е негова лична одлука, тоа е сосема јасно. Ниту претставува каприц на министерот, ниту е дел, како што имавме прилика да слушнеме во неговото обраќање до јавноста за неговиот вредносен систем, затоа што всушност самите информации што дојдоа потоа дека министерот бил подготвен со своето одење на премиерата да се извини за својот чин, говори дека тој нема таков вредносен систем кој, по секоја цена, би забранил ваков културен продукт.

Значи, не се работи за лична одлука, за одлука на министерот, туку се работи, за жал, за еден системски пристап во Министерството за култура и за враќање на системот на партиски комесари во културата. Затоа што денес така се раководи македонската култура.

Се разбира, ова е многу сериозно и многу опасно затоа што низа потези изминатите месеци покажуваат дека на дело имаме еден системски пристап на чистење на се што она како културен

продукт и идеја што не е во согласност со владеачката матрица. И актерите и главните инспиратори на ваквата политика не се во ДПА, а најмалку е тоа министерот, туку се во ВМРО-ДПМНЕ, за мене е многу чуден денот кога ја закажуваме денешната седница иако предлогот на премиерот е доставен до Парламентот на 4 април, зошто претседателот на Парламентот Љубиша Георгиевски ја закажува оваа седница на датум кога знае дека ќе биде службено отсутен.

Избор на член на Владата е секогаш приоритетна точка. Зошто не беше закажана во вторник на 10 април. Очигледно е дека некому му е мувата на капата, како што вели нашиот народ, и сака по секоја цена да избегне расправа. Која е улогата на фамозната комисија во Министерството за култура која всушност ги носи сите одлуки, а не министерот за култура? Тие прашања треба денеска да бидат дискутирани за да ние навистина со цела тежина да бираме министер за култура, а не марионета во проектите за чистење на оние културни продукти кои не се во согласност со идеолошката матрица на стожерната владеачка партија.

Почитувани колеги, со овој чин, без разлика што беше санкциониран со оставката на поранешниот министер, сериозно е загрозена слободата на творештвото на Република Македонија. Се испрати јасна порака до сите културни творци, бидејќи Македонија е мала држава и сите културни продукти посредно или непосредно, но на еден или на друг начин се поврзани со државните фондови и државните ресурси, значи, се праќа една јасна порака до културните творци да внимаваат на кои теми и како творат, што се разбира, претставува сериозно назадување.

Она што мене најповеќе ме плаши и што ме поттикна денеска да се јавам за збор е тоа што овој случај не е изолиран случај, туку, како што посочи нашиот познат жив уметник господинот Унковски, ова е дел од една поширока кампања на сеење на страв и несигурност. Затоа ова треба да се согледа само како индикатор, како симптом на еден поширок системски пристап кој е многу, многу опасен за нашата кревка и млада демократија.

За крај, ако вака се водат работите, дозволете ми да укажам и на парадоксалниот ефект од ваквиот чин што беше преземен од Министерството за култура. Значи, парадоксално е тоа што токму со ваквиот чекор на Владата, на Министерството за култура токму ВМРО-ДПМНЕ и ДПА работат на зголемување на интересот и растот на популарноста за ликот и делото на еден диктатор, како што беше Јосип Броз. Тоа е крајниот ефект што го имате. Да не беше вашата забрана, верувајте ни од далеку нема да беше толкав интересот за овој културен продукт.

Значи, имам уште една потврда дека провинциската националистичка логика со диктаторски методи всушнсот го реафирмира митот за диктаторот Јосип Броз.

Тоа се резултати на една непромислена политика што многу лесно се служи со инструменти од поранешниот режим.

Со тоа би завршил, да не одземам повеќе време, ви благодарам на вниманието и уште еднаш со мое најдобро намерно укажување после оваа смена на министерот за култура следи и мало протресување на идеолозите на културната политика кои доаѓаат од ВМРО-ДПМНЕ и кои таа своја културна политика ќе ја спроведуваат очигледно и преку новиот министер на ДПА.

Благодарам на вниманието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Збор има пратеник госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе,

Уважени колеги пратеници имам чувство дека денеска имаме сериозна политичка, културна, реторичка декаденција во Парламентот. Жалам заради тоа, жалам што колегите од СДСМ не се тука особено заради темата која денеска се води.

Имено, мислам дека е крајно несериозно, дури неаргументирано во време во кое со едно нешто можеме да се пофалиме, а тоа го покажа и последниот семинар или би рекла поголем самит во Европа во која Секторот за евроинтеграции во Европа на европарламентарците го одржа во Белград и како пример ја дадоа Македонија за земја која има еден од најголемите буџети сега, тоа го искажа господинот Ханес Свобода европарламентарец од ДТП партијата и особено пофалбите од Маријана Грандиќ која е извршен директор на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа.

Едно мора да се договориме дека во овој период во Македонија се градат сериозни работи. Калето, Самоиловите тврдини, Музејот на Охрид итн. Тоа е националниот стратешки интерес кој во мигот треба да не прави среќни, нерамнодушни и точно да ги восприемиме културните вибрации и асоцијации кои ги упатуваме кон Европа.

Ако нашата идеја е во мигот да се засегнеме за една претстава која никој во моментот од колегите од СДСМ не се обиде да го третира како момент на лошо или добро уметничко дело. Што се работи? Се работи за тоа дека господинот Слобода Шнајдер има текст кој некому може да му се допадне некому не. Јас бев изричито против давањето на парите за оваа претстава, но тоа не значи дека тоа беше лошо уметничко дело. Значи, можел да определи министерот дали тоа ќе биде добра или лоша уметничка претстава, но да говориме за некаков Сталинизам или за некаква цензура од највисок тип во културата во моментот кога се даваат најмногу пари, мислам дека е сериозен нон сенс.

На крајот на краиштата некој од колегите од СДСМ се обиде да направи полицејско ислодователство која е таа претстава. Бидејќи сум дел од културата, сакам да ви кажам дека во овој ден ние се караме за две работи:

Првата работа е дека парите се добиени од Европскиот фонд. Што значи тоа? Тоа значи дека секоја приватна фирма во Европа која се занимава со култура, може да побара Буџет. Тој буџет го добива приватна фирма на тој и тој Гоце Диневски, тој човек е обврзан со каталогот, со тоа што е прашалник на Европскиот фонд дека мора да има учеснички пет земји, пет актери од различни земји членки на Европа. Тоа да биде параван или експресен воз на културата. Тоа е добра порака. Мислам дека ова може да го третираме како вонреден морален чин дека човекот заминува затоа што не мислел во моментот дека е големо уметничко дело на текстот или на режијата на господинот Шнајдер, што е спротивно од критиките.

Она што може да го порачаме на идниот министер е нешто за кое треба да бидеме сериозно загрижени, а тоа е следното: Македонија мора со Европското законодавство да биде сериозен аргумент за тоа што цела Европа го прави, а тоа е културна индустриска политика. Тоа значи дека Владата во иднина мора да биде опкружена со сериозен елитизам на културни дејци и да прави културен индустриски продукт. Тоа во оној миг кога ќе падне економскиот дигнитет на државата, верувајте дека културата ќе може во истиот миг да го крене економскиот потенцијал.

Во овој момент имаме сериозен број на слободни уметници кои се слободно на пазарот, кои треба да ги употребиме внатре во државата, бидејќи сметам дека после едно министерство, второ министерство кое треба да има најголем буџет, апсолутно е Министерството за култура. Тоа е најголемото дно со ресурси. Ве убедувам во едно дека не постои амбасадор, го убедувам и министерот за надворешни работи дека не постои амбасадор во моментот во било која држава како што може да биде амбасадор било кој од уметничките дејци. Затоа Македонија треба да отвора сериозни културни центри во амбасадите, да испраќа културни аташеја, веќе имаме од турската делегација повик дека секаде каде Македонија има амбасади, треба да има свои културни македонски центри, само така ќе можеме да бидеме сериозен репрезент на европската културна ризница.

И, уште нешто, на идниот министер му порачувам во согласност и во договор со министерот за финансии во тренд е во Европа мали и средни економски културни бизниси. Тоа ќе значи во иднина дека Македонската банка за поддршка и развој која ги договара кредитите со 5%, а која во комерцијалните банки доаѓа до 12%, верувајте во едното дека постојат безброј млади луѓе кои се културни дејци без работа. Тие млади луѓе треба да ги добиваат тие кредити за отворање на мали и средни бизниси со 5% Македонија еднаш во овој момент да ја направиме подвижна на она што значи гориво од минатото, иднината и сегашноста. Само така ќе можеме да бидеме европско ехо и удар во симетријата на светот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Потпретседателе, благодарам, почитуван премиер, почитувани членови на Владата, колешки и колеги пратеници,

Дозволете ми многу кратко да го искажам ставот на ВМРО-ДПМНЕ за точката и за дискусијата која ја видовме денес, па ќе ми дозволите во два дела да ја поделам мојата дискусија.

Прво, она што денеска беше главна дискусија односно главна дебата, тоа беше околу случувањата што ги имавме со сега веќе поранешниот министер за култура, господинот Беќири.

Јас би сакал и за македонската јавност и за нас тука уште еднаш да ја прочитам неговата оставка која ни беше поделена нам како пратеници, во која многу јасно човекот објаснува зошто се повлекува, зошто ја поднесува оставката и како тој се чувствува во однос на конкретниот случај. Вели:

“Почитуван премиер, поаѓајќи од последните реакции на јавноста поврзани со театарската претстава “Тито” која овие денови беше прикажано во Центарот за култура во Битола за која јас лично имав побарано да не биде прикажана во ни една национална установа кај нас.

Мое убедување е кое и понатаму останува непроменето и за кое сум свесен дека е во спротивност со општите ставови на Владата на Република Македонија, ви се обраќам вам господине премиер преку ова писмо, поаѓајќи од моите лични принципи како и од мојата морална совест давам неотповиклива оставка од функцијата министер за култура на Република Македонија”.

Значи, многу јасно господинот Беќири кажува дека е ова негово лично убедување од кое не отстапува и за кое е свесен дека е во спротивност со ставовите на Владата и заради тоа се повлекува.

Апсолутно високо морален чин кој треба да се цени и кој сметам дека денеска немаше потреба воопшто да го дискутираме и на овој начин СДСМ ја отвора целата дискусија заради тоа што како што спомна госпоѓа Силвана Бонева, побарана е информација, ќе биде доставена до Собранието и тогаш е прилика да се видиме и поразговараме за овие работи.

Вториот дел по однос на Предлогот за нов министер, сметам дека имаме одличен предлог, сметам дека имаме човек кој не е само од културата, туку од академскиот свет и кој во наредниот период успешно ќе го води Министерството за култура. Пред вас имате големи предизвици и јас би сакал да кажам дека очекуваме успешно да бидат завршени и Проектот за реновирање на Калето и Проектот за обнова на Стариот театар во Скопје и Проектот за обнова на Градската куќа и Проектот за обнова на Свети Климентовиот Универзитет во Охрид и

Проектот за Музеј на вода во Охрид како и проектите за Библиотека и Театар во Тетово исто така и Проектот за Музеј на ВМРО и жртвите од комунизмот итн, итн., но уште повеќе со зголемените средства кои ги има Министерството за култура успешно да се работи и на полето на театарот, на полето на филмот, на полето на ликовната и музичката уметност, секаде каде треба да работите.

Во таа насока сметам дека Предлогот за министер е одличен, сметам дека заедно со неговиот тим ќе имаме големи резултати во културата, невидени во историјата на оваа држава која заеднички ќе можат да го изградат мултикултурализмот во Македонија и да ја стават на европската мапа на земји кои ја почитуваат културата.

Поради овие причини ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи предлогот и ќе гласа за. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Арификмет Џемаили да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за култура го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање, ги замолувам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Бидејќи во салата има доволен број пратеници, во тој случај колеги, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 63 гласале за, нема воздржани, 2 гласале против.

Констатирам дека Арификмет Џемаили е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за култура.

Дами и господа пратеници,

Дозволете ми во ваше и во мое име на Арификмет Џемаили да му го честитам изборот и да му посакам успех во работата.

Го повикувам министерот да даде свечена изјава, а вас колеги пратеници ве повикувам да станете.

(Сите присутни во салата стануваат)

Го молам министерот да го повторува по мене текстот на свечената изјава.

(Министерот дава свечена изјава)

“Изјавувам дека функцијата министер за култура на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

Го молам министерот да ја потпише свечената изјава.

(Ново избраниот министер ја потпишува свечената изјава)

Со ова почитувани колеги ја заклучувам 38 -та седница на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз)

Почитувани колеги објавувам пауза од 10 минути технички да ја завршиме работата, да се потпишеме, бидејќи продолжуваме со 36-та седница.

(Седницата заврши во 16,17 часот)